ПРОСПЕКТ ЗА КОТАЦИЈА

АД ЕДИНСТВО СТРУМИЦА

www.edinstvosr.com

contact@edinstvosr.com

034-321-402

КОНФЕКЦИЈА И ТРИКОТАЖА
АД ЕДИНСТВО
СТРУМИЦА

ПРОСПЕКТ ЗА КОТАЦИЈА

ПОКРОВИТЕЛ НА КОТАЦИЈА
ПОШТЕЛ-БРОКЕР АД

УЛ. НИКОЛА КЉУСЕВ БР.6
СКОПЈЕ

АПРИЛ 2013 ГОДИНА

1. Основни податоци на друштвото

Полн назив	Акционерско Друштво Конфекција и Трикотажа Единство – Струмица
Скратен назив	АД Единство - Струмица
Адреса	ул. Гоце Делчев бр. 62 – Струмица
Телефон	034-321-402 факс 034-344-712
Мрежно место	www.edinstvosr.com
Електронска пошта	contact@edinstvosr.com

Според фи. Број 224/66 од 01.10.1966 година друштвото е основано како Задруга за шивачки услуги и промет Единство со седиште на ул. Маршал Тито бр. 27 во Струмица. Со одредбите на законот за претпријатија друштвото е усогласено според Срег. Бр. 327/89 како Претпријатие во општествена сопственост Конфекција и трикотажа Единство Струмица со седиште на ул. Гоце Делчев бр. 62 во Струмица. Трансформацијата според одредбите на законот на општествениот капитал е извршена според Срег. Бр. 1155/91 од 16.08.1991 година како АД во мешовита сопственост. Според Срег. Бр. 2318/96 од 10.01.1997 година е извршен упис на трансформација согласно ЗТПОК како АД во приватна сопственост.

АД Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица е еден од капацитетите чија главна дејност е производство на готови текстилни производи и е усогласено со ЗТД врз основа на решение од Основен суд Штип и е запишано во трговскиот регистар врз основа на ТРЕГ БР. 474/2001 година со ЕМБС 4045637.

1.2 Изјавата на Органот на управување за податоците е приложена во Проспектот

1.3 Банки на издавачот

- 370041100209334 Еуростандард Банка АД Скопје
- 290200011373388 ТТК Банка АД Скопје
- 280020000000162 Алфа Банка АД Скопје

1.4.Ревизор на годишните сметки на АД Единство – Струмица за периодот од последните три години е Бенд Ревизија и консатинг од Тетово.

1.5.Нема квалификации на ревидираните годишни финансиски извештаи, нема одбивање на ревизорот да даде мислење на извештаите, а нема и негативно мислење на извештаите.

1.6. Издавачот нема добиено мислење од надворешен експерт за делови од Проспектот.

1.7. До Македонската берза на долгорочни хартии од вредност АД Скопје е доставено барање за котација на акциите на Официјалниот Пазар на Акционерското друштво Конфекција и трикотажа Единство Струмица. Номиналната вредност на акциите на АД Единство - Струмица изнесува 35,79 Евра. Барањето за котација се однесува на следните видови акции:

- обични акции 40,397

2. Податоци за издавачот и капиталот на издавачот

2.1.Назив и седиште на издавачот

Назив и седиште на издавачот	Акционерско Друштво Конфекција и Трикотажа Единство – Струмица
Адреса	ул. Гоце Делчев бр. 62 – Струмица

2.2.Тековната состојба од Трговскиот регистар е приложена во Проспектот

2.3.Износ на вкупниот капитал, пооделните родови на акции со нивните главни карактеристики, бројот и вкупната номинална вредност на секој род

Вкупен износ на основната главнина во ЕУР	1,445,809.00
Број на издадени акции	40,397.00
обични	40,397.00
приоритетни	0
Номинална вредност на акциите во ЕУР	35.79
Број на акционери на последниот ден од периодот	83

2.4.Одредбите од статутот кои ги регулираат промените во капиталот на издавачот и правата кои произлегуваат од различните родови на акции

Според од Статутот на друштвото, акциите што ги издава друштвото се обични и гласаат на име. Собранието на друштвото може преку измена на Статутот на друштвото да го деноминира износот на акциите да го намали или зголеми нивниот номинален износ под услов износот на основната главнина да не биде променет.

Основната главнина на друштвото може да се зголеми со издавање на нови акции или со зголемување на номиналната вредност на издадените обични акции.

2.5.Во периодот определен во условите за котација на посебните подсегменти нема промени во структурата на капиталот и бројот на родовите на акции кои го сочинуваат вкупниот капитал на издавачот

2.6.Издавачот нема должнички конвертибилни хартии од вредност, па поради тоа не може да се даде опис за правилата и процедурите на конверзија.

2.7.Акционери кои поседуваат над 5% од акциите со право на глас:

Реден број	**Име и презиме**	**Број на акции**	
		апсолутен износ	**%**
1	Поповски Димитар	10097	24,99%
2	Кузманов Иљо	10097	24,99%
3	Стојкова Ѓурѓа	4004	9.91%
4	Наутлиев Бобан	4004	9.91%
5	Пандев Ристо	3099	7,67%

2.8.Краток опис на меѓусебната поврзаност како и родот и бројот на акциите во сопственост на издавачот

Издавачот поседува мнозинско учество во капиталот на следните две друштва:

- Едитекс ДООЕЛ – Струмица со 100% во вкупниот капитал
- Едистил ДООЕЛ - Струмица со 100% во вкупниот капитал

2.9. Во прилог на Проспектот се доставени ревидирани финансиски извештаи на издавачот за периодот определен во условите за котација на посебни пазарни подсегменти за 2011 и 2010 година

2.10.Издавачот не е во постапка на издавање на акции заради спојувања, поделби или понуди за преземање на други друштва

3. Податоци за деловната активност на друштвото

3.1.Основна дејност на друштвото

АД Единство – Струмица според Националната класификација на дејности е запишана како Друштво за производство на друга горна облека, класа 14,13.

АД Единство – Струмица ги произведува следните видови на производи:

реден број	Производ	2010	2011	2012
1	Панталони	65,918.00	79,491.00	107,316.00
2	Сако	56,494.00	66,724.00	72,357.00
3	Јакни	11,279.00	9,554.00	15,846.00
4	Сукни	2,536.00	2,125.00	6,092.00
5	Капи	0.00	7,374.00	17,960.00
5	Останато	9,137.00	5,836.00	5,066.00
	Вкупно	145,364.00	171,104.00	224,637.00
	Во процент +/-	-38%	18%	31%

3.2.Издавачот нема значајни нови производи во изминатите три години.

3.3.Приказ на приходите од продажба за периодот определен во условите за котација на посебните пазарни сегменти

Приходи	2010	2011	2012
Странски пазар	65,779,961.00	72,762,998.00	84,332,809.00
Домешен пазар	1,272,133.00	550,616.00	646,353.00
Други приходи	673,846.00	479,308.00	2,787,823.00
Вкупно	67,725,940.00	73,792,922.00	87,766,985.00

3.4.Не постои степен на зависност од патенти, лиценци, индустриски, комерцијални или финансиски договори или нови производни постапки кои би биле од голема важност за работењето на издавачот.

3.5.Издавачот нема значителни информации за политиката на развојот и истражувањето на нови производи и постапки

3.6.Во последните три години АД Единство – Струмица не е вклучен во некоја судска постапка, ниту постои опасност од покренување на такви постапки

3.7.Број на вработени и квалификациона структура во изминатите три години

	Квалификациона структура	**2010**	**2011**	**2012**
1	Магистратура	1	1	1
2	Високо образование	7	7	7
3	Више образование	3	3	3
4	Средно образование	91	87	96
5	Основно образование	78	74	96
	Вкупен број на работници	180	172	203

3.8.Инвестиции во последните три години

Реден број	**Инвестиција**	**2010**	**2011**	**2012**
1	Опрема за производство	0.00	0.00	1,379,383.00

3.9.Место и позиција на издавачот во гранката

Главна дејност на АД Единство – Струмица е производство на готови текстилни производи. Друштвото е специјализирано за изработка на службен наменски програм како униформи за полиција, војска, програм за железници, пошти и школски програм. На домашниот пазар опстојуваат голем број на друштва кои ги изработуваат истите артикли како нашата од каде се зголемува и конкуренцијата. АД Единство – Струмица најголемиот дел од своето производство го прави за традиционалниот британски партнер преку посредник. Преку квалитетното извршување на производството и преку навремено исполнување на договорите успеваме да ги задоволиме потребите на странскиот партнер бидејќи постојат и други компании во земјата кои како директни конкуренти соработуваат со странскиот пазар. Освен тоа, друштвото на локално ниво се среќава со голема конкуренција во поглед на работната сила.

Како наредни проекти според Планот на друштвото претставуваат усвојување на нови наменски програми, обнова и модернизирање на машинскиот погон како и компјутеризација на истиот.

4. Финансиски податоци

4.1 Финансиски податоци за последните три години

Ред. број	Година	2012	2011	2010
4.1.1	Вкупни средства	87,766,986.00	73,792,923.00	67,725,940.00
	Ревалоризација	15,990,246.00		
4.1.2	Вкупни обврски	103,642,019.00	73,692,350.00	67,625,941.00
4.1.3	Добивка пред оданочување	115,213.00	100,573.00	99,999.00
	Данок на добивка	85,224.00	88,196.00	90,644.00
	Нето добивка	29,989.00	12,377.00	9,355.00
	Број на акции	40,397.00	40,397.00	40397
4.1.4	Нето добивка по акција	0.70	0.3	0.2
4.1.5	Коефициент цена/добивка	/	/	/
4.1.6	Коефициент цена/акција	35,79	35,79	35,79
4.1.7	Исплатена дивиденда	/	/	/
4.1.8	Дивиденден принос	/	/	/

4.2 Учество на друштвото во капиталот на други трговски друштва

4.2.1	Назив и адреса	Едитекс ДООЕЛ ул. Гоце Делчев бр. 62 - Струмица	Едистил ДООЕЛ ул. Гоце Делчев бр. 62 - Струмица
4.2.2	Дејност	Производство на други предмети и прибори за облека шифра 14.19	Производство на други предмети и прибори за облека шифра 14.19
4.2.3	Удел во капитал	100%	100%
4.2.4	Вкупен капитал	2,880,930.00	310,000.00
4.2.5	Резерви	/	/
4.2.6	Добивка по оданочување	15,437.00	11,666.00
4.2.7	Исплатена дивиденда	/	/

4.2.8. Износ на долгот на издавачот и спрема издавачот, во однос на друштвата во кои има сопственост

АД Единство има долг кон ДООЕЛ Едитекс во износ од 1.703.496 денари, а кон ДООЕЛ Едистил има долг во износ од 354.704 денари.

4.3 Консолидираните годишни финансиски извештаи се доставени во Прилог на Проспектот

4.4 Во консолидираните финансиски извештаи се вклучени друштва во кои издавачот има учество во капиталот

4.5 Износ на консолидирана добивка по акција

Година	2010	2011	2012
Консолидирана добивка по оданочување	72	39	57
Добивка по акција	1.8	0.97	1.4

5. Податоци за акциите за кои се бара котација

5.1.Барањето за котација се однесува на следните родови на акции:

- 40.397 – обични акции
- Номиналната вредност на една акција изнесува 35.79 Евра.

5.2.Обичните акции им даваат на акционерите

- право на дел од остварената добивка на друштвото
- право на дел од ликвидационата односно стечајната маса на друштвото
- право на глас во Собранието на друштвото
- право на надзор на работењето на друштвото.

5.3.Акционерите своите права во друштвото ги остваруваат во Собранието на друштвото кое според Статутот на друштвото во остварувањето на своите права и обврски ги има следните надлежности:

- го донесува Статутот на друштвото
- одлучува за измените и дополнувањата на Статутот
- зголемувањето и намалувањето на основната главнина на друштвото
- промена на правата поврзани за одделни видови и родови акции
- ги именува и разрешува членовите на Надзорниот одбор
- ја одобрува работата на Управниот и Надзорниот одбор
- ги усвојува годишните сметки и одлучува за употреба на добивката
- именува ревизори на годишните сметки како и контролори на управување на друштвото
- одлучува за преобразба на друштвото во друго друштво и за престанокот на друштвото
- одлучува за издавање на обврзници
- одлучува за статусни измени на друштвото

- одлучува по спорни настани помеѓу Управниот и Надзорниот одбор

5.4.Во периодот од три години е тргувано со акциите на друштвото:

Во 2010 година се склучени 9 трансакции, истргувани се 3.326 акции по единствена цена од 400,00 денари по акција.

Во 2011 година се склучени 2 трансакции, истргувани се 979 акции по единствена цена од 400,00 денари по акција.

Во 2012 година се склучени 13 трансакции, истргувани се 6.486 акции по минимална цена од 300,00 денари и максимална цена од 400,00 денари по акција.

6. Податоци за органите на управување

6.1 Основни податоци за органите на управување на издавачот

6.1.1 Основни податоци за органите на управување на издавачот

Управен одбор		
Име и презиме	Деловна адреса	Функција
Димитар Поповски	ул. Гоце Делчев бр. 62 – Струмица	Претседател
Пандев Ристо	ул. Гоце Делчев бр. 62 – Струмица	Член
Мирјана Поп-Стојанова	ул. Гоце Делчев бр. 62 – Струмица	Член
Надзорен одбор		
Име и презиме	Деловна адреса	Функција
Кузманов Иљо	ул. Гоце Делчев бр. 62 – Струмица	Претседател
Мавров Андон	ул. Гоце Делчев бр. 62 – Струмица	Член
Филева Лефка	ул. Гоце Делчев бр. 62 – Струмица	Член

6.1.2 Нема информација за поврзаност меѓу членовите на Управниот и Надзорниот одбор

6.1.3 Детални податоци за членовите на Управниот и Надзорниот одбор

Управен одбор	
Име и презиме	Адреса на живеење
Димитар Поповски	ул. Ленинова бр. 70 - Струмица
Пандев Ристо	ул. Ристо Ќурчиев бр. 4-5 - Струмица
Мирјана Поп-Стојанова	ул. Ристо Ќурчиев бр. 16-12 - Струмица
Име и презиме ЕМБГ	Адреса на живеење
Кузманов Иљо	ул. Крушевска Република бр. 104 - Струмица
Мавров Андон	ул. Јанко Цветинов бр. 50/1-10 - Струмица
Филева Лефка	ул. Елка Јанкова бр. 2-19 - Струмица

6.1.4 Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуство

6.1.4.1 Управен одбор

- Димитар Поповски во текот на своето работно или менаџерско искуство бил во периодот од 1979 до 1991 година вработен во АД Единство како Раководител на општо-правен сектор, а во периодот од 1991 до денес ја врши должноста Генерален директор на АД Единство – Струмица.

- Пандев Ристо во текот на своето работно или менаџерско искуство бил во периодот од 1981 до 2002 година на позиција Финансов директор на АД Единство – Струмица, а во периодот од 2002 до денес ја извршува функцијата Управител на ДООЕЛ Едитекс – Струмица.

- Мирјана Поп-Стојанова во текот на своето работно или менаџерско искуство била во периодот од 1979 до 2006 година вработена како Шеф на моделара на АД Единство - Струмица а во периодот од 2006 до денес ја врши функцијата Технички директор на АД Единство – Струмица.

6.1.4.2 Надзорен одбор

- Кузманов Иљо во текот на своето работно или менаџерско искуство бил во периодот од 1979 до 1990 година на позиција Референт во комерција во АД Единство – Струмица, во периодот од 1990 до 2004 ја извршувал функцијата

Комерцијален директор на АД Единство – Струмица, а во периодот од 2004 до денес ја извршува функцијата управител на Едистил ДООЕЛ – Струмица.

- Мавров Андон во периодот од 1967 до 2006 година ја извршувал должноста благајник на АД Единство – Струмица. Во моментот е пензионер.
- Филева Лефка во текот на своето работно или менаџерско искуство во периодот од 1978 до денес ја извршува функцијата Шеф на контрола и завршно одделение на АД Единство - Струмица.

6.1.5 Горенаведените лица не членувале во некои други Одбори на директори, Надзорни или Управни одбори.

6.1.6 Горенаведените лица не членувале во Одбори на директори, Надзорни или Управни одбори против чии друштва како правно лице е поведена стечајна, подстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години.

6.1.7 На никој од членовите на органите на управување на издавачот не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години

6.1.8 Сопствено учество во основната главнина на издавачот од страна на членовите на Управниот или Надзорниот одбор

Име и презиме	Број на акции	во %
Димитар Поповски	10097	24.99
Пандев Ристо	3099	7.67
Кузманов Иљо	10097	24.99
Мавров Андон	563	1.39

6.2 Податоци за судир на интереси помеѓу членовите на Управниот и Надзорниот одбор

6.2.1 Не постои судир на интереси помеѓу одговорностите кои членовите на Управниот и Надзорниот одбор на издавачот ги имаат кај издавачот и нивните приватни интереси или други одговорности.

6.2.2 Нема податок за постоење на договор или соработка меѓу лицата кои се членови на Управниот и Надзорниот одбор на издавачот и големите акционери, клиентите, добавувачите и други лицаврз основа на што било кое од овие лица било избрано за член на Управниот и Надзорниот одбор на издавачот.

6.2.3 Нема податоци за постоењето на било какво ограничување на располагањето со акциите кои членовите на Управниот и Надзорниот одбор на издавачот ги поседуваат кај издавачот, во определен временски период за што овие лица се согласиле.

7. Развојни перспективи

7.1.Информација за развојните перспективи во деловното работење, особено во производството, продажбата и трошоците за период од 3 години:

АД Единство – Струмица има склучено договор за соработка за следните три години со традиционалниот британски партнер. Се планира производство на 8.000 конфекциски единици во сопствените погони на панталони и 5.000 конфекциски парчиња машки палта, 2.000 јакни и сукни. Податоците се однесуваат за рок од еден месец.

АД Единство – Струмица планира постојано пратење и учество на тендери за изработка на конфекција како и развивање на продажбата преку сопствен службен програм на домешен пазар и зголемување на прометот од трговска дејност.

Со оглед на обезбедената работа друштвото планира да вработи нови 60 шивачки за обавување на дејноста и за зголемување на физичкиот обем на производството, оспособување и обуки на постојаниот кадар во производствениот процес преку интерни обуки како и одржување на системот за квалитет ИСО 9001:2008.

Во следните години друштвото предвидува инвестирање во опрема – специјални машини како дополнување на постојаната опрема во висина од 100.000 – 150.000 ЕУР.

7.1 Основните претпоставки и проценка за движење на добивката во наредните три години

Се претпоставува и проценува дека движењето на добивката во наредните три години ќе биде во рамките на добивката која е остварена во периодот определен во условите за котација на посебните пазарни подсегменти.

8. Финансиски извештаи

Во врска со доставување на Финансиските ревидирани извештаи, издавачот не е во можност истите да ги достави бидејќи ревизијата на финансиските извештаи е сеуште во тек до моментот на предавање на овој Проспект. Собранието на Акционери на АД Единство – Струмица се планра да се одржи кон крајот на мај 2013 година, и по усвојување на Ревидираните финансиски извештаи за 2012 година, истите ќе бидат поднесени.

Финансиските извештаи за периодот од 2010 и 2011 година се дадени во Прилогот.

Со овој Проспект се доставува и следната документација:

1. Барање за котација, потпишано од соодветно овластено лице на издавачот
2. Одлуки од соодветниот орган на издавачот
   -со која се одобрува котацијата на хартиите од вредност и
   -дека ги прифаќа одредбите од Правилата за котација и сите нивни понатамошни измени

3. Изјава на одговорното лице за точноста на податоците во документацијата за котација

4. Проспект за котација во три промероци;

5. Пречистен текст на Статутот на издавачот, во печатена и електронска форма;

6. Доказ за уплатен еднократен надоместок за котација;

7. Потврда од овластен Депозитар дека не се воспоставени ограничувања на преносливоста на ниво на емисија на акции од ист род за кои е поднесува барањето за котација;

8. Тековната состојба на Друштвото;

9. Ревидирани годишни финансиски извештаи за 2010 и 2011 година;

11. Изјава од покровителот за котација .

12. Изјава од УО, дека се запознаети со Правилата за котација, особено со постојаните обврски за објавување на важни информации.

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА 2012 ГОДИНА
И ИЗВЕШТАЈ НА РЕВИЗОРИТЕ

НА

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО КОНФЕКЦИЈА И ТРИКОТАЖА ЕДИНСТВО – СТРУМИЦА

СОДРЖИНА:

ИЗВЕШТАЈ НА РЕВИЗОРИТЕ

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

Извештај за финансиската состојба на ден 31.Декември	2012 година
Извештај за сеопфатна добивка	2012 година
Извештај за готовинските текови за	2012 година
Извештај за промените на главнината за	2012 година
Белешки кон финансиските извештаи	
Годишна сметка за	2012 година
Годишен извештај за работењето за	2012 година

Април 2013 година

БЕНД РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ - ТЕТОВО
ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: bendcons@t-home.mk

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ ДО
АКЦИОНЕРИТЕ НА АД Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица

1, На ваше барање извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на АД Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица, кои што го вклучуваат Билансот на состојба заклучно со 31 декември 2012, како и Билансот на успех, извештајот за промени во главнината и извештајот за парични текови за годината која завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

2, Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи

Менаџментот е одговорен за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи прикажани на страниците 2 до 5 и Белешките кон истите на страниците 6 до 22 во согласност со принципите и правилата што се применуваат во Република Македонија. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка; избирање и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Финансиските извештаи за 2011 година се ревидирани од независни ревизори , со што е обезбедена нивна споредливост со финансиските извештаи за 2012 година.

3, Одговорност на ревизорот

Наша одоговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективното презентирање на финансиските извештаи на друштвото за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на друштвото. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

БЕНД РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ - ТЕТОВО
ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail : bendcons@t-home.mk

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА АД Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица - продолжение

4. Мислење

Според наше мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти финансиската состојба на АД Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица, заклучно со 31 декември 2012 година, како и на неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината којашто завршува тогаш во согласност со објавените сметководствени стандарди и законски прописи во Република Македонија.

5.Останати прашања

Без да даваме квалификација на нашето мислење обрнуваме внимание на следното:
Како што е наведено во белешката 17 залихи :
Царинската управа на Република Македонија по извршената контрола од Службата за надзор на управата на ден 14.02 и 15.02. 2013 год. Изготвила записник при кој Царинската служба утврдила вишок кај следниве материјали:

- 295 ролни ткаенина од волна односно 27.045 м²
- 60 ролни ткаенина од синтетика односно 5.285 м²
- 60 ролни плетенина односно 1.105 кг.
- 17 ролни постава од синтетика односно 2.553 м²

Количините вишок со Потврда за привремено одземени предмети од 15.02.2013 год. се одземени од магациниот на ЕДИНСТВО и биле сместени во магацин на ПАСКАЛИН во Гевгелија. Во тек е постапка за да се докаже дека се работи за техничка грешка при евиденција, а не за фактички вишок на привремено увезени материјали. За оваа цел е изготвен и ревизроски наод за посебни цели од Друштвото за ревизија БЕЈКЕР ТИЛИ МАКЕДОНИЈА но до завршување на овој ревизирски извештај процедурата пред царинската управа не е завршена.

Тетово 30.04.2013

Овластен ревизор на Република Македонија

Душко Апостолровски

БЕНД РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ - ТЕТОВО
ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail : bendcons@t-home.mk

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ ЗА ДРУГИ ПРАВНИ И РЕГУЛАТИВНИ БАРАЊА ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА АД Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица

А, Извештај на независните ревизори за конзистентоноста на податоците изнесени во Годишниот Извештај за работење.

1, Извршивме проверка на конзистентноста на податоците изнесени во Годишниот Извештај за работењето на АД Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица (Друштвото) за 2012 година, кои се однесуваат на финансиската состојба и резултатите на работењето на Друштвото за 2012 година. Овие податоци произлегуваат и се превземени од ревидираната годишна сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2012, за кои ние изразивме немодификувано мислење во нашите извештаи од 30.04.2013.
Годишната сметка и финансиските извештаи, како поврзаните со нив податоци од Годишниот извештај не ги рефлектира ефектите настанати по датумот на нашиот извештај на годишната сметка и финансиските извештаи на друштвото.
2, Податоците кои се однесуваат на финансиската состојба и резултатите од работењето на Друштвото за 2012 година и Годишниот извештај на Друштвото не ги содржат сите објавувања кои се бараат согласно со рамката за изготвување на годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи. Следствено , читањето на Годишниот извештај на Друштвото не е замена за читање на ревидираната годишна сметка и ревидирани финансиски извештаи на Друштвото.
3, Одговорност на раководството за Годишниот извештај
Раководството на Друштвото е одговорно за изготвување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2012 година во согласност со законската регулатива на Република Македонија.
4, Одговорност на ревизорот
Наша одоговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на годишниот извештај како што е тоа наведено во почетниот пасус погоре врз основа на процедурите, кои беа спроведени во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија кои се однесуваат на ангажмани на проверка на усогласеност, како и во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за ревизија. (Сл. Весник на РМ број 158 од 2010 година).
5, Мислење
Според наше мислење, податоците изнесени во Годишниот извештај за работењето на АД Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица за 2012 и кои произлегуваат од ревидираната годишна сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината што завршува на 31 Декември 2012 се конзистентни во сите материјални аспекти, со податоците објавени во годишната сметка и финансиските извештаи, во согласност со законската регулатива на Република Македонија.

БЕНД Ревизија и Консалтинг ТП Тетово

Овластен ревизор на Република Македонија
Душко Апостолоски

Тетово 30.04.2013

БЕНД РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ ТП
ТЕТОВО
Тел: 044 330 800 044 350 085 факс 044 330 800
www.bend.com.mk bendcons@mt.net.mk

ДО

Сопствениците- акционерите
Органите на управување
Органите на раководење

30.04.2013

На: АД ЕДИНСТВО Струмица

Предмет: Извештај на ревизорите за финансиските извештаи за 2012 година

Во прилог на ова писмо ви доставуваме три примероци од Извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи за годината која завршува на 31.12.2012 година согласно договорот на :

- АД Единство Струмица

Со почит!

Овластен ревизор на Република Македонија

Душко Апостолрески

До

БЕНД Ревизија и консалтинг

Тетово

Дата : 30.04.2013

Предмет: Изјави на менаџментот

Ова писмо со изјави го даваме во врска со вашата ревизија на финансиските извештаи на АД Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица, заклучно со 31 декември 2012 година за годината која завршува на 31 декември 2012година за целите на изразување на мислење за тоа дали финансиските извештаи ги презентираат објективно, од сите материјални аспекти финансиската состојба на АД Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица, заклучно со 31 декември 2012 година и резултатите од неговото работење и неговите парични текови за годината која завршува тогаш во согласност со објавените сметководствени стандарди и законски прописи во Република Македонија.

Ние ја признаваме нашата одоговорност за објективно презентирање на финансиските извештаи во согласност со објавените сметководствени стандарди и законски прописи во Република Македонија.

Ги потврдуваме, според нашето најдобро знаење и верување, следните изјави:

- Не се имаат случено незаконитости коишто го вклучуваат менаџментот или вработените кои имаат значајна улога во интерната контрола или кои би можеле да имаат материјален ефект врз финансиските извештаи.
- Ви ги имаме ставено на располагање сите сметководствени книги и поткрепувачка документација, како и сите записници од состаноците на акционерите и Управниот Одбор во тек на 2012 година.
- Ја потврдуваме комплетноста на информациите кои се обезбедени во врска со идентификување на поврзани странки.
- Финансиските извештаи се ослободени од материјални погрешни прикажувања, вклучувајќи и испуштања.
- Претпријатието ги има почитувано сите аспекти на договорните аранжмани кои би можеле да имаат материјален ефект врз финансиските извештаи во случај на непочитување. Немаше непочитување на барањата на регулативните тела кои би можеле да имаат материјален ефект врз финансиските извештаи во случај на непочитување.
- Следните ставки се правилно евидентирани и кога е соодветно, адекватно обелоденети во финансиските извештаи:

  а) Идентитетот на , и салдата и трансакциите со, поврзаните странки.
  б) Загубите коишто произлегуваат од обврзувањата за продажба и купување.
  в) Договорите и опциите за откуп на претходно продадени средства
  г) Средствата заложени како колатерал.

- Немаме планови или намери кои можат материјално да ја изменат сметководствената вредност или класификација на средствата или обврските одразени во финансиските извештаи.

- Немаме планови да напуштиме производни линии или планови или намери кои ќе резултираат во каков било вишок или застарување на залихи, и немаме залихи кои се искажани според износ поголем од нето реализациона вредност.
- Претпријатието има задоволително право на сопственост над сите средства и нема товари или права на задржување на средствата на претпријатието, освен оние кои се обелоденети во белешката 30 кон финансиските извештаи.
- Ги имаме евидентирано или обелоденето како што е соодветно, сите обврски, како фактички, така и неизвесни, и во белешката 30 кон финансиските извештаи ги имаме обелоденети сите гаранции кои ги имаме дадено на трети странки.
- Тужбените барања се правилно разграничени во финансиските извештаи. Во врска со судските спорови, не се добиени, ниту пак се очекуваат други тужбени барања.

Претседател на управен одбор

Димитар Поповски

Финансов директор

Пандев Ристо

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА 2012 ГОДИНА

НА

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО КОНФЕКЦИЈА И ТРИКОТАЖА ЕДИНСТВО – СТРУМИЦА

СОДРЖИНА: **Страна**

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

Извештај за сеопфатна добивка	2012 година	2
Извештај за финансиската состојба на ден 31.Декември	2012 година	3
Извештај за готовинските текови за	2012 година	4
Извештај за промените на главнината за	2012 година	5
Белешки кон финансиските извештаи		6-22

Струмица, Февруари 2013 година

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

Извештај за сеопфатна добивка
За годината што завршува на 31, Декември 2012 и 2011 (во 000 денари)

Позиција	број на белешка	Износ Тековна година	Износ Претходна година
ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО		**87,700**	**73,766**
Приходи од продажба	4	87,379	73,314
Останати приходи	5	321	452
Залихи на готови производи и на надовршено производство на почетокот на годината		(21,608)	(20,810)
Залихи на готови производи и на надовршено производство на крајот на годината		5,294	21,608
РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО		**(86,683)**	**(73,739)**
Потрошени материјали	*7*	*(9,933)*	*(8,510)*
Набавна вредност на продадени стоки	*8*	*(271)*	*(494)*
Услуги со карактер на материјални трошоци	*9*	*(36,047)*	*(32,628)*
Останати оперативни расходи	*12 дел*	*4,887*	*(2,204)*
Трошоци од вработените - плати	*10*	*(32,037)*	*(28,021)*
Останати трошоци за вработените	12 дел	(697)	(476)
Амортизација на материјалните и нематеријалните средства	11	(1,534)	(1,397)
Вредносно усогласување (обезвреднување) на тековни средства		-	(1)
Останати трошоци од работењето		(1,276)	(9)
ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ	6	**67**	**27**
ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ	14	**(645)**	**751**
Загуба од редовното работење		**(15,875)**	**101**
Данок на добивка	Бу	85	88
НЕТО ДОБИВКА / ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА		**(15,960)**	**12**
Останата сеопфатна добивка		**15.990**	**-**
Промена на ревалоризационите резерви на нетековните средства	15	15.990	-
ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗА ГОДИНАТА		**30**	**12**
Број на акции		**40397**	**40397**
Вкупна заработувачка по акција		0.74	0.30

Акционерски капитал – обични акции 40.397 по номинална вредност од 35.79 ЕУР по акција, што значи дека основната главница на друштвото изнесува 1.445.809 ЕУР.

Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од финансиските извештаи

Претседател на управен одбор

Димитар Поповски

Финансов директор

Пандев Ристо

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

Извештај за финансиската состојба
на 31 Декември 2012 и 2011(во 000 денари)

Позиција	Број на белешка	Износ Тековна година	Износ Претходна година
МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА	15	**190,955**	**171,614**
ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА	16	**3,191**	**3,191**
ТЕКОВНИ СРЕДСТВА		**18,426**	**33,592**
ЗАЛИХИ	17	8,731	24,952
КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА		**5,291**	**8,213**
Побарувања од поврзани друштва	19	-	2,011
Побарувања од купувачи	20	4,786	5,326
Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акцизи и за останати давачки кон државата (претплати)	21	484	868
Побарувања од вработените	22	21	-
Останати краткорочни побарувања	23	-	8
ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ	18	**4,404**	**427**
ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИТЕ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ (АВР)	24	103	107
ВКУПНА АКТИВА: СРЕДСТВА		**212,675**	**208,504**
ПАСИВА: А. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ		**158,900**	**158,870**
ОСНОВНА ГЛАВНИНА	**Пк**	**75,660**	**75,660**
РЕВАЛОРИЗАЦИСКА РЕЗЕРВА И РАЗЛИКИ ОД ВРЕДНУВАЊЕ НА КОМПОНЕНТИ НА ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА	Пк	**115,779**	**99,904**
РЕЗЕРВИ	Пк	**3,629**	**3,629**
АКУМИЛИРАНА ДОБИВКА	Пк	**332**	**320**
ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА (-)	Пк	**20,655**	**20,655**
ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА	Пк	**30**	**12**
ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА	Пк	15,875	-
ОБВРСКИ		**53,776**	**49,634**
ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ	30	**35,837**	**36,900**
КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ		**17,939**	**12,734**
Обврски спрема добавувачи	25	9,446	5,897
Обврски за аванси, депозити и кауции	26	3,615	1,826
Обврски за даноци и придонеси на плата и на надомести за плата	27	978	802
Обврски кон вработените	28	1,971	1,657
Тековни даночни обврски	27	38	21
Обврски по заеми и кредити	29	1,860	2,502
Останати финансиски обврски	29	30	30
ВКУПНА ПАСИВА: ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ		**212,675**	**208,504**

Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од финансиските извештаи

Претседател на управен одбор

Димитар Поповски

Финансов директор

Пандев Ристо

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧЕН ТЕК
за годината која завршува на 31,12,2012 и 31,12,2011

Позиција	Тековна година	Претходна година
Готовински текови од деловни активности	**9,925**	**(33,772)**
Нето добивка/загуба после оданочување	30	12
Амортизација	1,534	1,397
Вредносно усогалсување	(0)	1
Разни приходи трошоци книжени непосредно на капиталот	(15,990)	(9)
Промени - Зголемување/намалување на :		
Залихи	16,221	(598)
Побарувања од поврзани друштва	2,011	(2,011)
Побарувања од купувачи	540	209
Побарувања за дадени аванси на добавувачи	-	27
Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акцизи и за останати давачки кон државата (претплати)	384	(424)
Побарувања од вработените	(21)	-
Останати краткорочни побарувања	8	-
АВР	4	4
Обврски спрема добавувачи	3,549	(1,834)
Обврски за аванси, депозити и кауции	1,790	1,171
Обврски за даноци и придонеси на плата и на надомести за плата	176	(31)
Обврски кон вработените	314	77
Тековни даночни обврски	18	21
Обврски по заеми и кредити	(642)	(31,816)
Останати финансиски обврски	(0)	30
Готовински текови од инвестициони активности	**(4,885)**	**(3,053)**
Директни набавки на нематеријални и материјални средства	(4,885)	(3,053)
Готовински текови од инвестициони активности	**(1,063)**	**36,900**
Зголемување/намалување на долгорочни кредити	(1,063)	36,900
Зголемување/намалување на паричните средства	**3,976**	**75**
Парични средства на почеток на годината	**427**	**353**
Парични средства на крајот на годината	**4,404**	**427**

Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од финансиските извештаи

Претседател на управен одбор

Димитар Поповски

Акционерско Друштво за конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица

Финансов директор

Пандев Ристо

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА
за годината што завршува на 31 декември 2012 и 2011 **во 000 денари**

Позиција	Основна главнина	Задржана добивка/ загуба	Добивка/ загуба за годината	Резерви	Ревалоризира на вредност	Вкупно
Состојба на 1 јануари 2012	**75660**	**(20335)**	**12**	**3629**	**99904**	**158870**
Промени на капиталот за 2012						
Загуба од тековно работење			(15875)			
Останата сеопфатна добивка					15875	
Вкупна сеопфатна добивка за годината			30			
Трансфер/пренос на задржана добивка		12	(12)			
Состојба на 31 Декември 2012	**75660**	**(20323)**	**(15845)**	**3629**	**115779**	**158900**

Состојба на 1 јануари 2011	**75660**	**(20345)**	**9**	**3629**	**99904**	**158857**
Промени на капиталот за 2011						
Вкупна сеопфатна добивка за годината			12			
Трансфер/пренос на задржана добивка		9	(9)			
Состојба на 31 Декември 2011	**75660**	**(20335)**	**12**	**3629**	**99904**	**158870**

Претседател на управен одбор

Димитар Поповски

Акционерско друштво Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО СТРУМИЦА

Финансов директор

Пандев Ристо

Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од финансиските извештаи

1. *ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ДРУШТВОТО*

Друштво:

- Матично друштво: Акционерско друштво Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица е еден од капацитетите во РМ за производство на конфекција и трикотажа и е усогласено се Законот за трговски друштва врз основа на решение на Основниот суд Штип, Штип според одлука за усвојување на статутот бр. 01-395 од 26.05.2000 година која е запишана во трговскиот регистар врз основа на Трег. Бр. 474/2001 од 18.05.2001 година. Со статутарна одлука 2002 година е извршена деноминација на номиналната вредност на акцијата од 70 ДЕМ со заменување на номиналната вредност на една акција од 35,79 ЕУР.Согласно со Решение бр. 47/05 на Основниот Суд Штип, Штип од 11.05.2005 е извршено усогласување на друштвото согласно со одредбите на ЗТД (Службен весник на РМ 28/2004).

- Вкупниот број на вработени на 31.12.2012 година изнесувал 191

- Трговско Друштво за вработување на инвалидни лица, производство, трговија и услуги ЕДИТЕКС увоз извоз ДООЕЛ формирано согласно со Трег. Бр. 23/2002 на 30.01.2002 година при што вкупниот влог од 3000 ЕУР или 180.930 денари односно 100% од основната главнина е во сопственост на АД Единство Струмица .

- Вкупниот број на вработени на 31.12.2012 година изнесувал 15

- Друштво за . производство, трговија и услуги ЕДИСТИЛ увоз извоз ДООЕЛ формирано согласно со Трег. Бр. 449/04 на 09.07.2004 година при што вкупниот влог во износ од 5000 ЕУР или 310.000 денари, односно 100% од основната главнина е во сопственост на АД Единство Струмица .

- Вкупниот број на вработени на 31.12.2012 година изнесувал 16

Дејност: 18.24 Производство на други предмети и прибори за облека неспоменати на друго место

Седиште:

Седиштето на друштвото се наоѓа на ул. Гоце Делчев бр. 62 во Струмица

Матичен број:

Матично друштво: Акционерско друштво Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица 4045637

Трговско Друштво за вработување на инвалидни лица, производство, трговија и услуги ЕДИТЕКС увоз извоз ДООЕЛ 5607027

Друштво за производство, трговија и услуги ЕДИСТИЛ увоз извоз ДООЕЛ 5888719

Тел: 034 344 712; 321 402

Основачи и одговорност:

Основачи на матичното друштво АД Конфекција и трикотажа "Единство" Струмица согласно судското решение и Акционерската книга во надлежност на Централниот регистар за Хартии од вредност се :

1. Акционерски капитал – обични акции 40.397 по номинална вредност од 35.79 ЕУР по акција, што значи дека основната главница на друштвото изнесува 1.445.809 ЕУР.

Овластувањата и одговорноста на акционерското друштво во правниот промет со трети лица е неограничено и за обврските одговара со целиот свој имот.

Лице овластено за застапување е Поповски Димитар, директор и претседател на Управен одбор.

- Трговско Друштво за вработување на инвалидни лица, производство, трговија и услуги ЕДИТЕКС увоз извоз ДООЕЛ формирано согласно со Трег. Бр. 23/2002 на 30.01.2002 година при што вкупниот влог од 3000 ЕУР или 180.930 денари односно 100% од основната главнина е во сопственост`на АД Единство Струмица .
- Врз основа на решение на Централниот регистар на РМ од 25.12.2006 година е извршено зголемување на влогот со непаричен влог од страна на основачот за 2.700.000 денари со што вкупно запишаниот основен влог изнесува 2.880.930 денари Лице овластено за застапување е Пандев Ристо – Управител со неограничени овластувања.

- Друштво за производство, трговија и услуги ЕДИСТИЛ увоз извоз ДООЕЛ формирано согласно со Трег. Бр. 449/04 на 09.07.2004 година при што вкупниот влог во износ од 5000 ЕУР или 310.000 денари, односно 100% од основната главнина е во сопственост на АД Единство Струмица .

Лице овластено за застапување е Иљо Кузманов – Управител со неограничени овластувања.

2. Основа за составување на финансиските извештаи

Финансиските извештаи, дадени на страниците 2 до 5 се составени во согласност со важечките прописи и сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Македонија, со извесни рекласификации заради добивање на појасна слика. Се бара финансиските извештаи составени според важечките прописи да ја одразуваат примената на целокупните (деталните) прописи што се однесуваат на примената на сметководствените принципи. Во извесни случаи претпријатието може да изврши избор на одредена сметководствена политика во рамките на пропишаните сметководствени политики; во други случаи претпријатието може самостојно да одлучува дали, или нема да ја примени пропишаната сметководствена политика.

Менаџментот конзистентно ги применува одобрените сметководствени политики во соодветните пресметковни периоди.

Финансиските извештаи се изготвени со примена на методата на набавна вредност и принципот на континуитет во работењето.
Овие финансиски извештаи вклучуваат побарувања, обврски, оперативни резултати, промени во главнината и паричните текови на друштвото.
Финаниските извештаи на друштвото се изразени во илјада денари. Денарот претставува официјална известувачка валута на Друштвото. Сите други трансакции во валута различна од официјалната се сметаат за трансакции во странска валута.

3. Основни сметководствени политики

Основните сметководствени политики применети при составувањето на финансиските извештаи, генерално се конзистентни со оние применети при составувањето на финансиските извештаи за 2011 година, доколку поинаку не е наведено во натамошниот текст.

Изготвувањето на финансиските извештаи во согласност со МСФИ бара од раководството на Друштвото употреба на проценки и претпоставки кои влијаат на прикажаните износи на средствата и обврските и обелоденувањето на неизвесни средства и обврски на денот на финансиските извештаи, како и на приходите и трошоците во извештајниот период. Овие проценки и претпоставки се засновани на информациите достапни на датумот на изготвување на Извештајот за финансиската состојба. Актуелните резултати можат да се разликуваат од овие проценки.

Овие проценки се разгледуваат периодично и промените во проценките се прикажуваат во периодите во кои истите стануваат познати.

Најзначајната употреба на расудувањата и проценки, кои се обелоденети во прегледот на значајните сметководствени политики и соодветни објаснувачки белешки се однесуваат на обезвреднување на финансиските и нефинансиските средства, финансиските обврски и проценката за резервирања за судски спорови.

Споредливите износи ги претставуваат ревидираните финансиски извештаи за годината која завршува на 31 декември 2011 година.

3.1. Приходи

Во согласност со прописите, приходите од работењето и останатите соодветни приходи се искажани по фактурна вредност, во моментот на нивното настанување. Ова значи дека приходите се мерат по објективна вредност на добиениот надоместок или побарувањето. Приходите се признаваат ако истовремено пораснат средствата или се намалат обврските.

3.1.1. Приходите од продажба на производи се признаваат ако:

- На купувачот се пренесени сите ризици и користи од сопственоста над производите;
- Друштвото не задржува, ниту трајно управување, ниту контрола над производите;
- Износот на приходите може да се измери;
- Е веројатно дека продадените производи ќе се наплатат;
- Трошоците кои настанале или кои ќе настанат во врска со продажбата може со сигурност да се измерат.

3.1.2. Исправка на побарувањата на товар на трошоците

Ако во моментот на настанувањето на настанот се процени дека наплатата не е извесна, приходите се одложуваат. За реализацијата од претходните пресметковни периоди и за онаа која во тековниот пресметковен период е пресметана во корист на приходите се врши исправка на побарувањата на товар на трошоците.

3.1.3. Приходите од продажба на кредит

Приходите од продажба на кредит се книжат во целост во корист на вкупниот приход во периодот во кој испораката е извршена.

3.1.4. Останатите приходи

Останатите приходи претставуваат приходи кои не потекнуваат од основната дејност на Друштвото.

3.1.5. Приходи од камати и приходи од вложувања

Каматите настанати по основ на финансиски обврски како и по основ на обврски од деловните односи, пресметани и доставени и како каматни листи до датата на билансот на состојба се искажуваат како приходи од камати во рамки на финансиските приходи.
Приходите од вложувања се однесуваат на остварени приходи врз основа на вложувања во други субјекти.

3.2. Расходи
3.2.1. Трошоци на реализација и расходи

Трошоците на реализација ги содржат сите трошоци кои се настанати во текот на годината и кои се директно поврзани со остварената реализација (приход под точка 3.1.), и нивната висина е зависна од висината на реализацијата.

Трошоците се признаваат во зависност од степенот на извршување на датумот на сочинување на билансот.

Општи, административни и трошоци на продажба ги содржат сите трошоци кои се настанати во текот на годината и кои не се директно поврзани со остварената реализација, што значи дека нивната висина е независна од висината на реализацијата.

Друштвото се придржува до следните критериуми при признавање на расходите :

- Расходите имаат за последица намалување на средствата или зголемување на обврските, што е возможно да се измери со сигурност;
- Расходите имат директна поврзаност со настанатите трошоци и посебните позиции на приходите;
- Кога се очекува остварување на приходите во повеќе идни пресметковни периоди, тогаш признавање на расходите се извршува со постапка на разумна алокација на пресметковни периоди;
- Расходот веднаш се признава во пресметковниот период кога издатокот не остварува идни економски користи, а нема услови да се признае како позиција на активата во билансот
- Расходот веднаш се признава во пресметковниот период и тогаш кога настанало обврска, а нема услови да се признае како позиција на активата.

3.2.2. Расходи од камати

Каматите настанати по основ на обврски пресметани до датата на билансот на состојбата се искажуваат како расходи во годината на која се однесуваат, независно дали се платени.

3.2.3. Пресметување на средства за плаќање и сметководствен третман на курсните разлики

1. Извршена е пресметка на сите побарувања и обврски во странски средства за плаќање во нивната денарска противвредност, по средниот курс важечки на денот на билансот на состојбата.
2. Позитивните и негативните курсни разлики што настанале со пресметка на побарувањата и обврските во странски средства за плаќање во нивната денарска противвредност се искажани во билансот на успех како приходи, односно расходи во годината на која се однесуваат.

3.3. Нематеријални и материјални вложувања

1. Набавките на основните средства во текот на годината се евидентираат по набавна вредност. Набавната вредност ја чини фактурната вредност на набавените средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба.
2. Предметите и опремата се евидентираат како основни средства доколку векот на употребата им е подолг од една година, а поединечната набавна цена е поголема двојно од последниот просечен месечен износ на плата по работник во Република Македонија, според податоците на Републичкиот завод за статистика. Погонскиот и деловниот инвентар, специјални и универзални алати на сопствен погон се водат како основни средства без оглед на нивната набавна вредност.
3. Трошоците за тековно и инвестиционо одржување се евидентираат на товар на приходите во моментот на нивното настанување. Издатоците кои се однесуваат на реконструкции и подобрувања, кои го менуваат капацитетот или намената на основните средства, се додаваат на набавната вредност на тие средства.
4. Позитивната, односно негативната разлика настаната при продажбата на основните средства се книжени како капитална добивка, односно капитална загуба и се искажува во рамките на останатите приходи, односно расходи.

3.4. Амортизација

Набавната вредност, односно цената на чинење на материјалните и нематеријалните вложувања служи како основица за отпишување, односно пресметка на амортизација. Амортизацијата на основните средства се пресметува според стапки кои не се пониски од оние пропишани според законите на Република Македонија, заради отпис на нивната набавна или ревалоризирана вредност на пропорционална основа во текот на нивниот проценет век на користење.

Употребуваните стапки на амортизација се утврдени врз основа на следниот проценет полезен век на траење односно стапки на амортизација:

Недвижнини	*2,5% до 10%*
Деловен инвентар	*5% до 10%*
Мебел	*20%*
Компјутерска опрема и софтвер	*25%*
Телекомуникациска опрема и возила	*20% до 25%*
Нематеријални средства	*20 %*

Основните средства се амортизираат поединечно се до нивниот целосен отпис.

3.5. Побарувања по основ на продажба и останати побарувања

1. Побарувања по основ на продажба ги опфаќаат сите побарувања од продажба на учиноци.
2. Со товарење на вонредните расходи се врши исправка на вредноста на сите побарувања кои се утужени до денот на билансот на состојба или не можат да се наплатат.

3.6.Залихи

1. Суровините, материјалите и набавените стоки се прикажани според трошоците настанати за нивна набавка (набавна вредност) во моментот на пренос на соспственоста што вклучува и доведување во постоечка состојба и локација. Производството во тек и готовите производи се искажуваат по пониска од цената на чинење и нето продажната вредност. Расходите од обврски по кредити не се капитализираат.

Потрошокот на суровини и материјали и стоки се води по просечни цени.
Доколку набавната вредност или цената на чинење е повисока од нето продажната вредност залихите се сведуваат на нето продажната вредност. Нето продажната вредност е проценета продажна цена во нормални услови на делување, намалена за проценетите трошоци за доработка и проценетите трошоци за реализација.

3.7. Парични средства и еквиваленти на парични средства

Паричните средства и паричните еквиваленти се состојат од денарска и девизна готовина во благајна, жиро сметка во деловните банки, девизни сметки во деловните банки и чекови.
1. Обврските кон доверители се искажуваат во висина на номиналните износи што произлегуваат од деловните трансакции.
2. Обврските кон доверители се отпишуваат по истекот на рокот на застареност или со вонпроцесно порамнување, со товарење на вонредните приходи.

3. Даноците, акцизите и даноците од добивка се плаќаат и издвојуваат по прописите на Република Македонија. Издвојувањата за данок од добивка се вршат на непризнаени расходи од тековната година, а остварената добивка се оданочува во случај на распределба за дивиденди и друга распределба на добивката согласно прописите, по стапка од 10 %.

3.9. Обврски по кредити

Обврските по кредити се состојат од обврски по краткорочни и долгорочни кредити и се искажуваат според нивната номинална вредност. Обврските по кредитите од странство се искажуваат според курсот на Денарот на денот на билансот на состојба, а курсните разлики се евидентираат во рамките на останатите приходи, односно расходи.

3.10. Вложени и здружени средства

1. Вложените и здружените средства се состојат од вложените и здружените средства во други претпријатија и банки. Вложените и здружените средства се искажуваат во висина на номинална, односно ревалоризационата вредност во согласност со договорот за вложување.

2. По однос на вложените и здружените средства се остварува дел од добивката и надоместок за стопанисување со вложените и здружените средства во согласност со договорните одредби.

3.11. Ревалоризациона резерва

Ревалоризационата резерва се формира врз основа на извршената ревалоризација и задолжителните корекции на расходите на финансирањето доколку законските прописи го бараат тоа.

3.12. Капитал

1. Капиталот претставува сопствени трајни извори на средства за работење на Друштвото. Ги опфаќа иницијалните сопствени средства за работење, заедно со акумулираната и тековната добивка, другите акумулирани приходи и распоредената ревалоризациона резерва.
2. Капиталот може да се користи за покривање на загубата, доколку резервите не се доволни за тоа.

3.13. Законски резерви

Законските резерви се формираат од остварената добивка врз основа на законските одредби и со распоред на ревалоризационите резерви, а можат да се употребат за покритие на загубата.

3.14. Управување со финансиски ризици

3.14.1. Пазарен ризик
а) Ризик од курсни разлики

Друштвото влегува во трансакции во странска валута, кои произлегуваат од продажби и набавки на странски пазари, при што истото е изложено на секојдневни промени на курсевите на странските валути. Друштвото нема посебна политика за управување со овој ризик со оглед дека во Република Македонија не постојат посебни финансиски инструменти за избегнување на овој вид ризик. Според ова Друштвото е изложено на можните флуктуации на странските валути, кое е сепак ограничено поради фактот дека најголем број трансакции се во Евра, чии валутен курс се смета за релативно стабилен.
Официјалните девизни курсеви користени за конверзија во денар на ставките од Извештајот за финансиска состојба искажани во странска валута на 31 декември 2012 и 2011 година се како следи:

	2012	**2011**
ЕУР	*61.5000*	*61.5050*
УСД	*46.6510*	*47.5346*
ГБП	*75.2800*	*73.6322*

б) Каматен ризик

Друштвото е изложено на ризик од промена на каматните стапки кој преку промена на нивото на пазарните каматни стапки влијае врз неговата финансиска состојба и парични текови.

в) Ценовен ризик

Ризикот од цената на капиталот е веројатноста дека цената на капиталот ќе флуктуира и ќе влијае на фер вредноста на вложувањата во акции и останатите инструменти чија вредност произлегува од конкретните вложувања во акции или од индексот на цените на капиталот. примарната изложеност на цената на капиталот произлегува од вложувањата во хартии од вредност и удели. Друштвото е изложено на ризик од промени на цените на вложувањата расположиви за продажба и истиот е надвор од контрола на Друштвото.

3.14.2. Ликвидносен ризик

Управувањето со ликвидносен ризик е централизирано во Друштвото.
Ликвидносниот ризик или ризик од неликвидност постои кога Друштвото нема да биде во состојба со своите парични средства редовно да ги плаќа обврските спрема своите доверители. Ваквиот ризик се надминува со константно обезбедување на потребна готовина за сервисирање на своите обврски.
Друштвото не користи финансиски деривативи.

3.14.3. Кредитен ризик

Кредитниот ризик произлегува од пари и парични средства депозити во банки и финансиски институции, како и кредитна изложеност кон корпоративни клиенти од продажба, вклучувајќи ги побарувањата и обврзувањата.
Изложеноста на Друштвото на кредитен ризик е ограничена. Управувањето со кредитниот ризик се врши со превземање на соодветни мерки и активности од страна на друштвото. Во случај на неплаќање, Друштвото престанува со продажба

на услуги на клиентите. Исто така, Друштвото нема значајни концентрации на кредитен ризик со оглед на големината на базата на клиенти која е со поединечно мали износи и со неповрзаност помеѓу клиентите. Со цел да ја осигура наплатата на побарувањата, Друштвото спроведува дејства: компензации со клиентите, покренување на судски спорови, вонсудски спогодби и сл.

3.14.4. Управување со капиталниот ризик

Целите на Друштвото во врска со управувањето со капиталот се зачувување на способноста на Друштвото да продолжи да работи врз основа на претпоставката за континуитет за да се зачува оптимална капитална структура која би го намалила трошокот на капитал и би обезбедила приноси на сопствениците.

3.14.5. Проценка на објективната вредност

Друштвото има политика за обелоденување на информации за објективна вредност на оние компоненти од средствата и обврските за кои се расположиви пазарни цени и за оние кај кои објективната вредност може значително да се разликува од сметководствената вредност. Во Република Македонија не постои доволно ниво на пазарно искуство, стабилност и ликвидност за купопродажба на побарувања и други финансиски средства или обврски и одтука за истите во моментов не се расположиви пазарни цени. Како резултат на отсуство на активен пазар, објективната вредност не може да биде утврдена на веродостојна основа. Раководството на Друштвото ја проценува севкупната изложеност на ризик и во случаи кога проценува дека вредноста на средствата според која се евидентирани во сметководството не би можела да биде реализирана, се врши исправка на вредноста.
Раководството смета дека искажаните сметководствени износи се највалидни и најкорисни извештајни вредности при пазарни услови.

3.14.6. Даночен ризик

Предмет на даночна контрола може да биде книговодствената евиденција на друштвата ретроактивно до 5 години и истата може да резултира во дополнителни обврски по основ на даноци.Раководството на Друштвото нема сознанија за било какви дополнителни околности кои можат да создадат потенцијални материјални обврски во тој поглед.

	во илјада денари	
4. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА НЕПОВРЗАНИ ДРУШТВА	**Тековна година**	**Претходна година**
Приходи од продажба на добра (производи) и услуги во земјата	646	551
Приходи од продажба на добра (стоки) во земјата	84,333	72,763
Приходи од наемнини	2,400	-
ВКУПНО	**87,379**	**73,314**

во илјада денари

5. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ	Тековна година	Претходна година
Добивки од продажба на нематеријални и материјални средства	12	-
Вишоци	0	73
Приходи од наплатени отпишани побарувања и приходи од отпис на обврските	169	-
Приходи од премии, субвенции, дотации и донации	102	-
Останати приходи од работењето	37	379
ВКУПНО	**321**	**452**

во илјада денари

6. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ	Тековна година	Претходна година
Приходи врз основа на позитивни курсни разлики од работењето со поврзани друштва	36	-
Приходи врз основа на позитивни курсни разлики од работењето со неповрзани друштва	-	27
Останати финансиски приходи	30	-
ВКУПНО	**67**	**27**

РАСХОДИ

во илјада денари

7. ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ, МАТЕРИЈАЛИ, ЕНЕРГИЈА, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И СИТЕН ИНВЕНТАР	Тековна година	Претходна година
Трошоци за суровини и материјали (за производство)	1,001	1,358
Трошоци за материјали (за администрација, управа и продажба)	560	-
Трошоци за енергија (за производство)	7,828	6,654
Трошоци за резервни делови, и материјали (за производство)	499	495
Трошоци за ситен инвентар, амбалажа и автогуми (за производство)	9	3
Трошоци за ситен инвентар, амбалажа и автогуми (за администрација, управа и продажба)	35	-
ВКУПНО	**9,933**	**8,510**

во илјада денари

8. НАБАВНА ВРЕДНОСТ	Тековна година	Претходна година
Набавна вредност на продадени добра (стоки)	271	494
ВКУПНО	**271**	**494**

во илјада денари

9. ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ	Тековна година	Претходна година
Транспортни услуги	1,964	2,957
Поштенски услуги, телефонски услуги и интернет	341	-
Надворешни услуги за изработка на добра и извршување на услуги	16,656	13,783
Услуги за одржување и заштита	1,515	1,018
Комунални услуги	590	-
Останати услуги	14,982	14,870
ВКУПНО	**36,047**	**32,628**

во илјада денари

10. ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА И ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ	Тековна година	Претходна година
Плата и надоместоци на плата - бруто (за производство)	32,037	28,021
ВКУПНО	**32,037**	**28,021**

во илјада денари

11. ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА И РЕЗЕРВИРАЊА	Тековна година	Претходна година
Трошоци за амортизација (за производство)	1,534	1,397
ВКУПНО	**1,534**	**1,397**

во илјада денари

12. ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО	Тековна година	Претходна година
Дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци	287	241
Надоместоци на трошоци на вработените и подароци	410	235
Трошоци за спонзорства и донации	25	-
Трошоци за репрезентација	565	777
Трошоци за осигурување	224	219
Банкарски услуги и трошоци за платен промет	405	598
Даноци кои не зависат од резултатот, членарини и други давачки	206	197
Останати трошоци на работењето	3,463	412
ВКУПНО	**5,584**	**2,679**

во илјада денари

13. ОСТАНАТИ РАСХОДИ	Тековна година	Претходна година
Останати расходи од работењето	1.276	9
ВКУПНО	**1,276**	**9**

во илјада денари

14. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ	Тековна година	Претходна година
Расходи врз основа на камати од работењето со неповрзани друштва	493	644
Расходи врз основа на негативни курсни разлики од работењето со неповрзани друштва	152	107
ВКУПНО	**645**	**751**

15. ДОЛГОРОЧНИ МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

Опис	Земјиште	Градежни објекти	Опрема	Ревалоризирана вредност	Вкупно
1	2	3	4	5	6
Набавна вредност					
Салдо на 1 Јануари 2012 (тековна година)	**16,574**	**31,829**	**69,860**	**165,896**	**284,159**
Зголемување			4,885	15,990	20,875
Намалување			7,891		7,891
Салдо на 31 Декември 2012 (тековна година)	**16,574**	**31,829**	**66,854**	**181,886**	**297,143**
Исправка на вредноста					
Салдо на 1 Јануари 2012 (тековна година)	-	10,868	49,209	52,468	**112,545**
Амортизација		262	1,272		**1,534**
Намалување			7,891		**7,891**
Салдо на 31 Декември 2012 (тековна година)	-	**11,130**	**42,591**	**52,468**	**106,188**
Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2012 (тековна година)	**16,574**	**20,699**	**24,263**	**129,418**	**190,955**
Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2012 (тековна година)	**16,574**	**20,961**	**20,651**	**113,428**	**171,614**
Набавна вредност					
Салдо на 1 Јануари 2011 (тековна година)	16,574	31,829	72,814	165,896	287,113
Зголемување			3,053		3,053
Намалување			6,008		6,008
Салдо на 31 Декември 2011 (тековна година)	**16,574**	**31,829**	**69,860**	**165,896**	**284,159**
Исправка на вредноста					
Салдо на 1 Јануари 2011 (тековна година)	-	10,606	54,082	52,468	**117,155**
Амортизација		262	1,135		**1,397**
Намалување			6,008		**6,008**
Салдо на 31 Декември 2011 (тековна година)	-	**10,868**	**49,209**	**52,468**	**112,545**
Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2011 (тековна година)	**16,574**	**20,961**	**20,651**	**113,428**	**171,614**
Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2011 (тековна година)	**16,574**	**21,223**	**18,733**	**113,428**	**169,958**

Друштвото има соодветна документација за сопственост на сите средства за опремата а за градежните објекти и земјиштето поседува доказ за сопственост врз основа на Имотен лист бр. 6566 .

Во 2012 година има новонабавени основни средства во вредност од 4,885 илјади денари и зголемување на вредноста на средствата врз основа на проценка од овластен проценител согласно со сметководствените политики на друштвото за проценка на вредноста на градежните на секои три години ефектот од извршената проценка изнесува 15,990 илјади денари и дел од останатата сеопфатна добивка искажана преку промена на ревалоризационата резерва за нетековни средства.

16, Долгорочни финансиски вложувања

Долгорочните финансиски вложувања се однесуваат на вложување на друштвото во две друштва кои се во целосна сопственост на АД ЕДИНСТВО и тоа:

- Трговско Друштво за вработување на инвалидни лица, производство, трговија и услуги ЕДИТЕКС увоз извоз ДООЕЛ формирано согласно со Трег. Бр. 23/2002 на 30.01.2002 година при што вкупниот влог од 3000 ЕУР или 180.930 денари односно 100% од основната главнина е во сопственост на АД Единство Струмица .
- Врз основа на решение на Централниот регистар на РМ од 25.12.2006 година е извршено зголемување на влогот со непаричен влог од страна на основачот за 2.700.000 денари со што вкупно запишаниот основен влог изнесува 2.880.930 денари Лице овластено за застапување е Пандев Ристо – Управител со неограничени овластувања.

- Друштво за производство, трговија и услуги ЕДИСТИЛ увоз извоз ДООЕЛ формирано согласно со Трег. Бр. 449/04 на 09.07.2004 година при што вкупниот влог во износ од 5000 ЕУР или 310.000 денари, односно 100% од основната главнина е во сопственост на АД Единство Струмица .

17, ЗАЛИХИ

	во илјада денари	
ЗАЛИХА НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ	**Тековна година**	**Претходна година**
Суровини и материјали на залиха	1,595	1,543
Отстапување од стандардните (плански) цени на суровини и материјали	1,098	1,098
ВКУПНО	**2,693**	**2,641**

	во илјада денари	
ЗАЛИХА НА РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ	**Тековна година**	**Претходна година**
Залиха на резервни делови	399	381
ВКУПНО	**399**	**381**

	во илјада денари	
ЗАЛИХА НА СИТЕН ИНВЕНТАР, АМБАЛАЖА И АВТОГУМИ	**Тековна година**	**Претходна година**
Ситен инвентар во употреба	75	203
Вредносно усогласување на залихите на ситниот инвентар, амбалажата и автогумите	- 75	- 203
ВКУПНО	-	-

ВКУПНО ЗАЛИХИ НА СУРОВИНИ, МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И СИТЕН ИНВЕНТАР	**3,091**	**3,023**

ЗАЛИХИ НА ПРОИЗВОДСТВО, ГОТОВИ ПРОИЗВОДИ И СТОКИ, БИОЛОШКИ СРЕДСТВА КОИ СЕ ЧУВААТ ЗА ПРОДАЖБА И ПРЕКИНАТО РАБОТЕЊЕ

во илјада денари

ПРОИЗВОДСТВО	Тековна година	Претходна година
Производство (изградба) во тек	5,294	21,570
ВКУПНО	**5,294**	**21,570**

во илјада денари

ГОТОВИ ПРОИЗВОДИ	Тековна година	Претходна година
Производи во туѓ склад	38	38
ВКУПНО	**38**	**38**

во илјада денари

СТОКИ	Тековна година	Претходна година
Стоки во продавница	588	920
Вкалкулиран данок на додадена вредност	- 94	- 140
Разлика во цени на стоките	- 186	- 458
ВКУПНО	**308**	**321**

ВКУПНО ЗАЛИХИ НА ПРОИЗВОДСТВО, ГОТОВИ ПРОИЗВОДИ И СТОКИ, БИОЛОШКИ СРЕДСТВА КОИ СЕ ЧУВААТ ЗА ПРОДАЖБА И ПРЕКИНАТО РАБОТЕЊЕ	**5,640**	**21,929**
СЕ ВКУПНО ЗАЛИХИ	**8,731**	**24,952**

Царинската управа на Република Македонија по извршената контрола од Службата за надзор на управата на ден 14.02 и 15.02. 2013 год. Изготвила записник при кој констатирала дека:
Имено, со извршената контрола, Царинската служба утврдила вишок кај следниве материјали:

- 295 ролни ткаенина од волна односно 27.045 м²
- 60 ролни ткаенина од синтетика односно 5.285 м²
- 60 ролни плетенина односно 1.105 кг.
- 17 ролни постава од синтетика односно 2.553 м²

Количините вишок со Потврда за привремено одземени предмети од 15.02.2013 год. се одземени од магациниот на ЕДИНСТВО и биле сместени во магацин на ПАСКАЛИН во Гевгелија. Во тек е постапка за да се докаже дека се работи за техничка грешка при евиденција, а не за фактички вишок на привремено увезени материјали.

во илјада денари

18, ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ	Тековна година	Претходна година
Парични средства на трансакциски сметки во денари	4,050	381
Парични средства во благајна	35	46
Девизни сметки	318	-
ВКУПНО	**4,404**	**427**

во илјада денари

19, ПОБАРУВАЊА ОД ПОВРЗАНИ ДРУШТВА	Тековна година	Претходна година
Побарувања од поврзани друштва врз основа на продажба на добра и услуги во земјата	-	2,011
ВКУПНО	**-**	**2,011**

во илјада денари

20, ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ	Тековна година	Претходна година
Побарувања од купувачи во земјата	78	144
Побарувања од купувачи во странство	4,190	4,665
Побарувања од специфично работење на неповрзани друштва	517	517
ВКУПНО	**4,786**	**5,326**

во илјада денари

21, ПОБАРУВАЊА ОД ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ	Тековна година	Претходна година
Данок на додадена вредност	484	868
ВКУПНО	**484**	**868**

во илјада денари

22, ПОБАРУВАЊА ОД ВРАБОТЕНИТЕ	Тековна година	Претходна година
Останати побарувања од вработените	21	-
ВКУПНО	**21**	**-**

во илјада денари

23, ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА	Тековна година	Претходна година
Останати побарувања	-	8
ВКУПНО	**-**	**8**

во илјада денари

24, ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ (АВР)	Тековна година	Претходна година
Однапред платени трошоци	103	107
ВКУПНО	**103**	**107**

Активните временски разграни~увања се однесуваат на разграничени премии за осигурување.

во илјада денари

25, КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ	Тековна година	Претходна година
Обврски спрема добавувачи во земјата	7,851	5,247
Обврски спрема добавувачи од странство	1,595	650
ВКУПНО	**9,446**	**5,897**

во илјада денари

26, КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ ЗА ПРИМЕНИ АВАНСИ, ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ	Тековна година	Тековна година
Обврски за примени аванси, депозити и кауции во земјата	-	374
Обврски за примени аванси, депозити и кауции од странство	3,615	1,452
ВКУПНО	**3,615**	**1,826**

во илјада денари

27, КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ ЗА ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ	Тековна година	Претходна година
Обврски за данокот на додадена вредност	38	-
Обврски за данок на добивка, данок на вкупен приход и данок на приход платен на странско правно лице (задржан данок)	-	21
Обврски за даноци и придонеси на плата и надоместоци на плата	959	802
Обврски за данок на непризнати расходи и помалку искажани приходи	19	-
ВКУПНО	**1,016**	**823**

во илјада денари

28, ОБВРСКИ СПРЕМА ВРАБОТЕНИТЕ	Тековна година	Претходна година
Обврски за плата и надоместоци на плата	1,971	1,657
ВКУПНО	**1,971**	**1,657**

Обврските према вработените се однесуваат на обврски за плати за месец декември 2012 година која е исплатена на 04,01,2013 година .

во илјада денари

29, КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ	Тековна година	Претходна година
Краткорочни кредити и заеми во земјата	1,860	2,502
Обврски врз основа на останати краткорочни финансиски средства	30	30
ВКУПНО	**1,890**	**2,532**

во илјада денари

30, ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ	Тековна година	Претходна година
Долгорочни обврски врз основа на заеми и кредити во земјата и странство	35,837	36,900
ВКУПНО	**35,837**	**36,900**

Кредитните задолженија се однесуваат за обврски по Договор со Еуростандард банка АД За одобрување на рамковен револвинг кредит-лимит врз основа на заложно право на недвижен имот.
Обврските по долгорочни и краткорочни кредити кон Еуростандард Банка АД Скопје на ден 31.12.2012 година се според следните договори:

	Сметка	Договор бр.	Дата на документот	Валута	Износ
500040	краткорочен кредит	1565/12	28.06.2012	807	2,700,000.00
500020	долгорочен кредит	1728/11	29.04.2011	807	24,600,000.00
500050	краткорочни кредити	1729/11	29.04.2011	807	11,236,687.00
	ВКУПНО				38,536,687.00

31. Поврзани субјекти:

во 000 денари

Назив	Вид на поврзаност (друштво во сопственост на директорот, мнозинска сопственост на акционерите, раководството, вработените , итн)	Вид на Деловниот однос (купувач, добавувач, кредитор и сл.)	Износ во денари (промет како купувач, добавувач, кредитор и сл.)
Едистил Струмица	100% влогот е сопственост на АД Единство	добавувач	355
Едитекс	100% влогот е сопственост на АД Единство	добавувач	1.703

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА 2011 ГОДИНА
И ИЗВЕШТАЈ НА РЕВИЗОРИТЕ

НА

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО КОНФЕКЦИЈА И ТРИКОТАЖА ЕДИНСТВО – СТРУМИЦА

СОДРЖИНА:

ИЗВЕШТАЈ НА РЕВИЗОРИТЕ

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

Извештај за финансиската состојба на ден 31.Декември **2011 година**

Извештај за сеопфатна добивка **2011 година**

Извештај за готовинските текови за **2011 година**

Извештај за промените на главнината за **2011 година**

Белешки кон финансиските извештаи

Годишна сметка за **2011 година**

Годишен извештај за работењето за **2011 година**

Април 2012 година

Друштво Овластени Ревизори
ТД БЕНД РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ
бр. 07-195/2
30.04.2012 год.

БЕНД РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ - ТЕТОВО
ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: bendcons@t-home.mk

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА АД Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица

1, На ваше барање извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на АД Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица, кои што го вклучуваат Билансот на состојба заклучно со 31 декември 2011, како и Билансот на успех, извештајот за промени во главнината и извештајот за парични текови за годината која завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

2, Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи

Менаџментот е одговорен за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи прикажани на страниците 2 до 5 и Белешките кон истите на страниците 6 до 22 во согласност со принципите и правилата што се применуваат во Република Македонија. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка; избирање и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Финансиските извештаи за 2010 година се ревидирани од независни ревизори , со што е обезбедена нивна споредливост со финансиските извештаи за 2011 година.

3, Одговорност на ревизорот

Наша одоговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективното презентирање на финансиските извештаи на друштвото за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на друштвото. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

БЕНД РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ - ТЕТОВО
ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail : bendcons@t-home.mk

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА АД Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица - продолжение

4, Мислење

Според наше мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти финансиската состојба на АД Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица, заклучно со 31 декември 2011 година, како и на неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината којашто завршува тогаш во согласност со објавените сметководствени стандарди и законски прописи во Република Македонија.

Тетово 30.04.2012

Овластен ревизор

Душко Апостоловки

Душко Миладинов Апостоловски
ТП БЕНД РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ
Бр. 07-195/2
30.04.2012 год.

БЕНД РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ - ТЕТОВО

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail : bendcons@ t-home

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ ЗА ДРУГИ ПРАВНИ И РЕГУЛАТИВНИ БАРАЊА ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА АД Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица

А, Извештај на независните ревизори за конзистентоноста на податоците изнесени во Годишниот Извештај за работење.

1, Извршивме проверка на конзистентноста на податроците изнесени во Годишниот Извештај за работењето на АД Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица (Друштвото) за 2011 година, кои се однесуваат на финансиската состојба и резултатите на работењето на Друштвото за 2011 година. Овие податоци произлегуваат и се превземени од ревидираната годишна сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2011, за кои ние изразивме немодификувано мислење во нашите извештаи од 30.04.2012.
Годишната сметка и финансиските извештаи, како поврзаните со нив податоци од Годишниот извештај не ги рефлектира ефектите настанати по датумот на нашиот извештај на годишната сметка и финансиските извештаи на друштвото.

2, Податоците кои се однесуваат на финансиската состојба и резултатите од работењето на Друштвото за 2011 година и Годишниот извештај на Друштвото не ги содржат сите објавувања кои се бараат согласно со рамката за изготвување на годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи. Следствено , читањето на Годишниот извештај на Друштвото не е замена за читање на ревидираната годишна сметка и ревидирани финансиски извештаи на Друштвото.

3, Одговорност на раководството за Годишниот извештај
Раководството на Друштвото е одговорно за изготвување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2011 година во согласност со законската регулатива на Република Македонија.

4, Одговорност на ревизорот
Наша одоговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на годишниот извештај како што е тоа наведено во почетниот пасус погоре врз основа на процедурите, кои беа спроведени во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија кои се однесуваат на ангажмани на проверка на усогласеност, како и во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за ревизија. (Сл. Весник на РМ број 158 од 2010 година).

5, Мислење

Според наше мислење, податоците изнесени во Годишниот извештај за работењето на АД Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица за 2011 и кои произлегуваат од ревидираната годишна сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината што завршува на 31 Декември 2011 се конзистентни во сите материјални аспекти, со податоците објавени во годишната сметка и финансиските извештаи, во согласност со законската регулатива на Република Македонија.

БЕНД Ревизија и консалтинг ТП Тетово

Овластен ревизор

Душко Апостоловски

Тетово 30.04.2011

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА 2011 ГОДИНА

НА

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО КОНФЕКЦИЈА И ТРИКОТАЖА ЕДИНСТВО – СТРУМИЦА

СОДРЖИНА: **Страна**

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

Извештај за сеопфатна добивка	2011 година	2
Извештај за финансиската состојба на ден 31.Декември	2011 година	3
Извештај за готовинските текови за	2011 година	4
Извештај за промените на главнината за	2011 година	5
Белешки кон финансиските извештаи		10-22

Струмица, Февруари 2012 година

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

Извештај за сеопфатна добивка
За годината што завршува на 31, Декември 2010 и 2009 (во 000 денари)

Позиција	Белешка	Тековна Година	Претходна Година
Приходи од продажба	4	73,314	67,057
Останати оперативни приходи (добивка)	5	452	512
Промени на залихите на готови производи и производството во тек	17	798	1,932
Потрошени материјали и ситен инвентар	7	8,510	6,509
Набавна вредност на стоки и материјали	8	494	764
Услуги со карактер на материјални трошоци	9	32,628	26,516
Трошоци за депрецијација и амортизација	11	1,397	1,396
Вредносно усогласување	13	1	234
Нематеријални трошоци од работењето	12	2,679	2,856
Останати трошоци од работењето од редовни активности	14	9	152
Плати и надомести	10	28,021	28,065
Добивка/загуба од оперативно работење		**824**	**3,009**
Финансиски приходи	6	27	157
Финансиски расходи	15	751	3,067
Добивка/загуба пред оданочување		**101**	**100**
Данок од добивка		88	91
Вкупна сеопфатна Добивка за годината		**12**	**9**
Број на акции:		40397	40.397
Заработка по акција (во парични едници) Основна и разводнета		**0.3**	**0.2**

Акционерски капитал – обични акции 40.397 по номинална вредност од 35.79 ЕУР по акција, што значи дека основната главница на друштвото изнесува 1.445.809 ЕУР.

Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од финансиските извештаи

Претседател на управен одбор

Димитар Поповски

Акционерско Друштво Конфекција и Трикотажа ЕДИНСТВО Струмица

Финансов директор

Пандев Ристо

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

Извештај за финансиската состојба
на 31 Декември 2011 и 2010(во 000 денари)

Позиција	Белешка	Тековна година	Претходна година
СРЕДСТВА			
Долгорочни средства		**174,805**	**173,149**
Материјални средства	1	171,614	169,958
Долгорочни финансиски средства	16	3,191	3,191
Тековни средства		**33,699**	**30,824**
Залихи	17	24,952	24,354
Побарувања за аванси во земјата	18	-	27
Парични средства и еквиваленти на парични средства	19	427	353
Побарувања од купувачи	21	5,326	5,535
Побарувања од поврзани субјекти	20	2,011	-
Побарувања од државата и други институции	22	868	444
Останати поварувања	23	8	-
Активни временски разграничувања	24	107	112
ВКУПНА АКТИВА		**208,504**	**203,973**

КАПИТАЛ И ОБВРСКИ			
Капитал и резерви		**158,870**	**158,857**
Запишан основен капитал	Пк	75,660	75,660
Ревалоризациона резерва	Пк	99,904	99,904
Резерви	Пк	3,629	3,629
Акумулирана добивка/загуба	Пк	20,335	20,345
Добивка за финансиската година	Бу	12	9
Долгорочни обврски	**25**	**36,900**	**-**
Тековни обврски		**12,734**	**45,116**
Обврски спрема добавувачи	26	5,897	7,731
Обврски за аванси депозити и кауции	27	1,826	655
Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки	28	823	833
Обврски према вработените	29	1,657	1,579
Краткорочни финансиски обврски	30	2,532	34,318
ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ		**208,504**	**203,973**

Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од финансиските извештаи

Претседател на управен одбор

Димитар Поповски

Акционерско Друштво Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица

Финансов директор

Пандев Ристо

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧЕН ТЕК
за годината која завршува на 31,12,2011 и 31,12,2010

Позиција	Тековна година	Претходна година
Готовински текови од деловни активности	**(33,772)**	**15,693**
Нето добивка/загуба после оданочување	12	9
Амортизација	1,397	1,396
Вредносно усогалсување	1	234
Разни приходи трошоци книжени непосредно на капиталот	(9)	(227)
Промени - Зголемување/намалување на :		
Залихи	(598)	(1,860)
Побарувања од поврзани друштва	(2,011)	-
Побарувања од купувачи	209	(1,304)
Побарувања за дадени аванси на добавувачи	27	251
Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акцизи и за останати давачки кон државата (претплати)	(424)	(123)
Побарувања од вработените	-	63
АВР	4	(112)
Обврски спрема добавувачи	(1,834)	434
Обврски за аванси, депозити и кауции	1,171	(3,205)
Обврски за даноци и придонеси на плата и на надомести за плата	(31)	(20)
Обврски кон вработените	77	144
Тековни даночни обврски	21	-
Обврски по заеми и кредити	(31,816)	20,010
Останати финансиски обврски	30	-
Готовински текови од инвестициони активности	**(3,053)**	**(42)**
Директни набавки на нематеријални и материјални средства	(3,053)	(42)
Готовински текови од инвестициони активности	**36,900**	**(15,311)**
Зголемување/намалување на долгорочни кредити	36,900	(15,311)
Зголемување/намалување на паричните средства	**75**	**339**
Парични средства на почеток на годината	**353**	**13**
Парични средства на крајот на годината	**427**	**353**

Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од финансиските извештаи

Претседател на управен одбор

Димитар Поповски

Акционерско Друштво Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица

Финансов директор

Пандев Ристо

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА
за годината што завршува на 31 декември 2011 и 2010 **во 000 денари**

Позиција	Основна главнина	Задржана добивка/ загуба	Добивка/ загуба за годината	Резерви	Ревалоризирана вредност	Вкупно
Состојба на 1 јануари 2011	**75,660**	**(20,345)**	**9**	**3,629**	**99,904**	**158,857**
Промена на сметководствени политики						
Повторно утврдено салдо	***75,660***	***(20,345)***	***9***	***3,629***	***99,904***	***158,857***
Промени на капиталот за 2011						
Вкупна сеопфатна добивка за годината			12			
Трансфер/пренос на задржана добивка		9	(9)			
Состојба на 31 Декември 2011	**75,660**	**(20,335)**	**12**	**3,629**	**99,904**	**158,870**
Состојба на 1 јануари 2010	75,660	(20,355)	11	3,629	99,904	
Промени на капиталот во 2010						
Вкупна сеопфатна добивка за годината			9			
Трансфер/пренос на задржана добивка		11	(11)			
Состојба на 31 Декември 2010	**75,660**	**(20,345)**	**9**	**3,629**	**99,904**	**158,857**

Претседател на управен одбор
Димитар Поповски

Акционерско Друштво Конфекција и Трикотажа ЕДИНСТВО Струмица

Финансов директор
Пандев Ристо

Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од финансиските извештаи

1. *ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ДРУШТВОТО*

Друштво:

- Матично друштво: Акционерско друштво Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица е еден од капацитетите во РМ за производство на конфекција и трикотажа и е усогласено се Законот за трговски друштва врз основа на решение на Основниот суд Штип, Штип според одлука за усвојување на статутот бр. 01-395 од 26.05.2000 година која е запишана во трговскиот регистар врз основа на Трег. Бр. 474/2001 од 18.05.2001 година. Со статутарна одлука 2002 година е извршена деноминација на номиналната вредност на акцијата од 70 ДЕМ со заменување на номиналната вредност на една акција од 35,79 ЕУР.Согласно со Решение бр. 47/05 на Основниот Суд Штип, Штип од 11.05.2005 е извршено усогласување на друштвото согласно со одредбите на ЗТД (Службен весник на РМ 28/2004).

- Вкупниот број на вработени на 31.12.2011 година изнесувал 167

- Трговско Друштво за вработување на инвалидни лица, производство, трговија и услуги ЕДИТЕКС увоз извоз ДООЕЛ формирано согласно со Трег. Бр. 23/2002 на 30.01.2002 година при што вкупниот влог од 3000 ЕУР или 180.930 денари односно 100% од основната главнина е во сопственост на АД Единство Струмица .

- Вкупниот број на вработени на 31.12.2011 година изнесувал 15

- Друштво за . производство, трговија и услуги ЕДИСТИЛ увоз извоз ДООЕЛ формирано согласно со Трег. Бр. 449/04 на 09.07.2004 година при што вкупниот влог во износ од 5000 ЕУР или 310.000 денари, односно 100% од основната главнина е во сопственост на АД Единство Струмица .

- Вкупниот број на вработени на 31.12.2011 година изнесувал 12

Дејност: 18.24 Производство на други предмети и прибори за облека неспоменати на друго место

Седиште:

Седиштето на друштвото се наоѓа на ул. Гоце Делчев бр. 62 во Струмица

Матичен број:

Матично друштво: Акционерско друштво Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица 4045637

Трговско Друштво за вработување на инвалидни лица, производство, трговија и услуги ЕДИТЕКС увоз извоз ДООЕЛ 5607027

Друштво за производство, трговија и услуги ЕДИСТИЛ увоз извоз ДООЕЛ 5888719

Тел: 034 344 712; 321 402

Основачи и одговорност:

Основачи на матичното друштво АД Конфекција и трикотажа "Единство" Струмица согласно судското решение и Акционерската книга во надлежност на Централниот регистар за Хартии од вредност се :

1. Акционерски капитал – обични акции 40.397 по номинална вредност од 35.79 ЕУР по акција, што значи дека основната главница на друштвото изнесува 1.445.809 ЕУР.

Овластувањата и одговорноста на акционерското друштво во правниот промет со трети лица е неограничено и за обврските одговара со целиот свој имот.

Лице овластено за застапување е Поповски Димитар, директор и претседател на Управен одбор.

- Трговско Друштво за вработување на инвалидни лица, производство, трговија и услуги ЕДИТЕКС увоз извоз ДООЕЛ формирано согласно со Трег. Бр. 23/2002 на 30.01.2002 година при што вкупниот влог од 3000 ЕУР или 180.930 денари односно 100% од основната главнина е во сопственост на АД Единство Струмица .
- Врз основа на решение на Централниот ,регистар на РМ од 25.12.2006 година е извршено зголемување на влогот со непаричен влог од страна на основачот за 2.700.000 денари со што вкупно запишаниот основен влог изнесува 2.880.930 денари Лице овластено за застапување е Пандев Ристо – Управител со неограничени овластувања.

- Друштво за производство, трговија и услуги ЕДИСТИЛ увоз извоз ДООЕЛ формирано согласно со Трег. Бр. 449/04 на 09.07.2004 година при што вкупниот влог во износ од 5000 ЕУР или 310.000 денари, односно 100% од основната главнина е во сопственост на АД Единство Струмица .

Лице овластено за застапување е Иљо Кузманов – Управител со неограничени овластувања.

2. Основа за составување на финансиските извештаи

Финансиските извештаи, дадени на страниците 2 до 5 се составени во согласност со важечките прописи и сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Македонија, со извесни рекласификации заради добивање на појасна слика. Се бара финансиските извештаи составени според важечките прописи да ја одразуваат примената на целокупните (деталните) прописи што се однесуваат на примената на сметководствените принципи. Во извесни случаи претпријатието може да изврши избор на одредена сметководствена политика во рамките на пропишаните сметководствени политики; во други случаи претпријатието може самостојно да одлучува дали, или нема да ја примени пропишаната сметководствена политика.

Менаџментот конзистентно ги применува одобрените сметководствени политики во соодветните пресметковни периоди.

Финансиските извештаи се изготвени со примена на методата на набавна вредност и принципот на континуитет во работењето.
Овие финансиски извештаи вклучуваат побарувања, обврски, оперативни резултати, промени во главнината и паричните текови на друштвото.
Финаниските извештаи на друштвото се изразени во илјада денари. Денарот претставува официјална известувачка валута на Друштвото. Сите други трансакции во валута различна од официјалната се сметаат за трансакции во странска валута.

3. Основни сметководствени политики

Основните сметководствени политики применети при составувањето на финансиските извештаи, генерално се конзистентни со оние применети при составувањето на финансиските извештаи за 2010 година, доколку поинаку не е наведено во натамошниот текст.

Изготвувањето на финансиските извештаи во согласност со МСФИ бара од раководството на Друштвото употреба на проценки и претпоставки кои влијаат на прикажаните износи на средствата и обврските и обелоденувањето на неизвесни средства и обврски на денот на финансиските извештаи, како и на приходите и трошоците во извештајниот период. Овие проценки и претпоставки се засновани на информациите достапни на датумот на изготвување на Извештајот за финансиската состојба. Актуелните резултати можат да се разликуваат од овие проценки.

Овие проценки се разгледуваат периодично и промените во проценките се прикажуваат во периодите во кои истите стануваат познати.

Најзначајната употреба на расудувањата и проценки, кои се обелоденети во прегледот на значајните сметководствени политики и соодветни објаснувачки белешки се однесуваат на обезвреднување на финансиските и нефинансиските средства, финансиските обврски и проценката за резервирања за судски спорови.

Споредливите износи ги претставуваат ревидираните финансиски извештаи за годината која завршува на 31 декември 2010 година.

3.1. Приходи

Во согласност со прописите, приходите од работењето и останатите соодветни приходи се искажани по фактурна вредност, во моментот на нивното настанување. Ова значи дека приходите се мерат по објективна вредност на добиениот надоместок или побарувањето. Приходите се признаваат ако истовремено пораснат средствата или се намалат обврските.

3.1.1. Приходите од продажба на производи се признаваат ако:

- На купувачот се пренесени сите ризици и користи од сопственоста над производите;
- Друштвото не задржува, ниту трајно управување, ниту контрола над производите;
- Износот на приходите може да се измери;
- Е веројатно дека продадените производи ќе се наплатат;
- Трошоците кои настанале или кои ќе настанат во врска со продажбата може со сигурност да се измерат.

3.1.2. Исправка на побарувањата на товар на трошоците

Ако во моментот на настанувањето на настанот се процени дека наплатата не е извесна, приходите се одложуваат. За реализацијата од претходните пресметковни периоди и за онаа која во тековниот пресметковен период е пресметана во корист на приходите се врши исправка на побарувањата на товар на трошоците.

3.1.3. Приходите од продажба на кредит

Приходите од продажба на кредит се книжат во целост во корист на вкупниот приход во периодот во кој испораката е извршена.

3.1.4. Останатите приходи

Останатите приходи претставуваат приходи кои не потекнуваат од основната дејност на Друштвото.

3.1.5. Приходи од камати и приходи од вложувања

Каматите настанати по основ на финансиски обврски како и по основ на обврски од деловните односи, пресметани и доставени и како каматни листи до датата на билансот на состојба се искажуваат како приходи од камати во рамки на финансиските приходи.
Приходите од вложувања се однесуваат на остварени приходи врз основа на вложувања во други субјекти.

3.2. Расходи
3.2.1. Трошоци на реализација и расходи

Трошоците на реализација ги содржат сите трошоци кои се настанати во текот на годината и кои се директно поврзани со остварената реализација (приход под точка 3.1.), и нивната висина е зависна од висината на реализацијата.

Трошоците се признаваат во зависност од степенот на извршување на датумот на сочинување на билансот.

Општи, административни и трошоци на продажба ги содржат сите трошоци кои се настанати во текот на годината и кои не се директно поврзани со остварената реализација, што значи дека нивната висина е независна од висината на реализацијата.

Друштвото се придржува до следните критериуми при признавање на расходите :

- Расходите имаат за последица намалување на средствата или зголемување на обврските, што е возможно да се измери со сигурност;
- Расходите имат директна поврзаност со настанатите трошоци и посебните позиции на приходите;
- Кога се очекува остварување на приходите во повеќе идни пресметковни периоди, тогаш признавање на расходите се извршува со постапка на разумна алокација на пресметковни периоди;
- Расходот веднаш се признава во пресметковниот период кога издатокот не остварува идни економски користи, а нема услови да се признае како позиција на активата во билансот
- Расходот веднаш се признава во пресметковниот период и тогаш кога настанало обврска, а нема услови да се признае како позиција на активата.

3.2.2. Расходи од камати

Каматите настанати по основ на обврски пресметани до датата на билансот на состојбата се искажуваат како расходи во годината на која се однесуваат, независно дали се платени.

3.2.3. Пресметување на средства за плаќање и сметководствен третман на курсните разлики

1. Извршена е пресметка на сите побарувања и обврски во странски средства за плаќање во нивната денарска противвредност, по средниот курс важечки на денот на билансот на состојбата.
2. Позитивните и негативните курсни разлики што настанале со пресметка на побарувањата и обврските во странски средства за плаќање во нивната денарска противвредност се искажани во билансот на успех како приходи, односно расходи во годината на која се однесуваат.

3.3. Нематеријални и материјални вложувања

1. Набавките на основните средства во текот на годината се евидентираат по набавна вредност. Набавната вредност ја чини фактурната вредност на набавените средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба.
2. Предметите и опремата се евидентираат како основни средства доколку векот на употребата им е подолг од една година, а поединечната набавна цена е поголема двојно од последниот просечен месечен износ на плата по работник во Република Македонија, според податоците на Републичкиот завод за статистика. Погонскиот и деловниот инвентар, специјални и универзални алати на сопствен погон се водат како основни средства без оглед на нивната набавна вредност.
3. Трошоците за тековно и инвестиционо одржување се евидентираат на товар на приходите во моментот на нивното настанување. Издатоците кои се однесуваат на реконструкции и подобрувања, кои го менуваат капацитетот или намената на основните средства, се додаваат на набавната вредност на тие средства.
4. Позитивната, односно негативната разлика настаната при продажбата на основните средства се книжени како капитална добивка, односно капитална загуба и се искажува во рамките на останатите приходи, односно расходи.

3.4. Амортизација

Набавната вредност, односно цената на чинење на материјалните и нематеријалните вложувања служи како основица за отпишување, односно пресметка на амортизација. Амортизацијата на основните средства се пресметува според стапки кои не се пониски од оние пропишани според законите на Република Македонија, заради отпис на нивната набавна или ревалоризирана вредност на пропорционална основа во текот на нивниот проценет век на користење.

Употребуваните стапки на амортизација се утврдени врз основа на следниот проценет полезен век на траење односно стапки на амортизација:

Недвижнини	*2,5% до 10%*
Деловен инвентар	*5% до 10%*
Мебел	*20%*
Компјутерска опрема и софтвер	*25%*
Телекомуникациска опрема и возила	*20% до 25%*
Нематеријални средства	*20 %*

Основните средства се амортизираат поединечно се до нивниот целосен отпис.

3.5. Побарувања по основ на продажба и останати побарувања

1. Побарувања по основ на продажба ги опфаќаат сите побарувања од продажба на учиноци.
2. Со товарење на вонредните расходи се врши исправка на вредноста на сите побарувања кои се утужени до денот на билансот на состојба или не можат да се наплатат.

3.6.Залихи

1. Суровините, материјалите и набавените стоки се прикажани според трошоците настанати за нивна набавка (набавна вредност) во моментот на пренос на сопственоста што вклучува и доведување во постоечка состојба и локација. Производството во тек и готовите производи се искажуваат по пониска од цената на чинење и нето продажната вредност. Расходите од обврски по кредити не се капитализираат.

Потрошокот на суровини и материјали и стоки се води по просечни цени.
Доколку набавната вредност или цената на чинење е повисока од нето продажната вредност залихите се сведуваат на нето продажната вредност. Нето продажната вредност е проценета продажна цена во нормални услови на делување, намалена за проценетите трошоци за доработка и проценетите трошоци за реализација.

3.7. Парични средства и еквиваленти на парични средства

Паричните средства и паричните еквиваленти се состојат од денарска и девизна готовина во благајна, жиро сметка во деловните банки, девизни сметки во деловните банки и чекови.

1. Обврските кон доверители се искажуваат во висина на номиналните износи што произлегуваат од деловните трансакции.

2. Обврските кон доверители се отпишуваат по истекот на рокот на застареност или со вонпроцесно порамнување, со товарење на вонредните приходи.

3. Даноците, акцизите и даноците од добивка се плаќаат и издвојуваат по прописите на Република Македонија. Издвојувањата за данок од добивка се вршат на непризнаени расходи од тековната година, а остварената добивка се оданочува во случај на распределба за дивиденди и друга распределба на добивката согласно прописите, по стапка од 10 %.

3.9. Обврски по кредити

Обврските по кредити се состојат од обврски по краткорочни и долгорочни кредити и се искажуваат според нивната номинална вредност. Обврските по кредитите од странство се искажуваат според курсот на Денарот на денот на билансот на состојба, а курсните разлики се евидентираат во рамките на останатите приходи, односно расходи.

3.10. Вложени и здружени средства

1. Вложените и здружените средства се состојат од вложените и здружените средства во други претпријатија и банки. Вложените и здружените средства се искажуваат во висина на номинална, односно ревалоризационата вредност во согласност со договорот за вложување.

2. По однос на вложените и здружените средства се остварува дел од добивката и надоместок за стопанисување со вложените и здружените средства во согласност со договорните одредби.

3.11. Ревалоризациона резерва

Ревалоризационата резерва се формира врз основа на извршената ревалоризација и задолжителните корекции на расходите на финансирањето доколку законските прописи го бараат тоа.

3.12. Капитал

1. Капиталот претставува сопствени трајни извори на средства за работење на Друштвото. Ги опфаќа иницијалните сопствени средства за работење, заедно со акумулираната и тековната добивка, другите акумулирани приходи и распоредената ревалоризациона резерва.
2. Капиталот може да се користи за покривање на загубата, доколку резервите не се доволни за тоа.

3.13. Законски резерви

Законските резерви се формираат од остварената добивка врз основа на законските одредби и со распоред на ревалоризационите резерви, а можат да се употребат за покритие на загубата.

3.14. Управување со финансиски ризици

3.14.1. Пазарен ризик
а) Ризик од курсни разлики

Друштвото влегува во трансакции во странска валута, кои произлегуваат од продажби и набавки на странски пазари, при што истото е изложено на секојдневни промени на курсевите на странските валути. Друштвото нема посебна политика за управување со овој ризик со оглед дека во Република Македонија не постојат посебни финансиски инструменти за избегнување на овој вид ризик. Според ова Друштвото е изложено на можните флуктуации на странските валути, кое е сепак ограничено поради фактот дека најголем број трансакции се во Евра, чии валутен курс се смета за релативно стабилен.
Официјалните девизни курсеви користени за конверзија во денар на ставките од Извештајот за финансиска состојба искажани во странска валута на 31 декември 2011 и 2010 година се како следи:

	2011	2010
ЕУР	61.5050	61.5050
УСД	47.5346	46.3140
ГБП	73.6322	71.5008

б) Каматен ризик

Друштвото е изложено на ризик од промена на каматните стапки кој преку промена на нивото на пазарните каматни стапки влијае врз неговата финансиска состојба и парични текови.

в) Ценовен ризик

Ризикот од цената на капиталот е веројатноста дека цената на капиталот ќе флуктуира и ќе влијае на фер вредноста на вложувањата во акции и останатите инструменти чија вредност произлегува од конкретните вложувања во акции или од индексот на цените на капиталот. примарната изложеност на цената на капиталот произлегува од вложувањата во хартии од вредност и удели. Друштвото е изложено на ризик од промени на цените на вложувањата расположиви за продажба и истиот е надвор од контрола на Друштвото.

3.14.2. Ликвидносен ризик

Управувањето со ликвидносен ризик е централизирано во Друштвото.
Ликвидносниот ризик или ризик од неликвидност постои кога Друштвото нема да биде во состојба со своите парични средства редовно да ги плаќа обврските спрема своите доверители. Ваквиот ризик се надминува со константно обезбедување на потребна готовина за сервисирање на своите обврски.
Друштвото не користи финансиски деривативи.

3.14.3. Кредитен ризик

Кредитниот ризик произлегува од пари и парични средства депозити во банки и финансиски институции, како и кредитна изложеност кон корпоративни клиенти од продажба, вклучувајќи ги побарувањата и обврзувањата.
Изложеноста на Друштвото на кредитен ризик е ограничена. Управувањето со кредитниот ризик се врши со превземање на соодветни мерки и активности од страна на друштвото. Во случај на неплаќање, Друштвото престанува со продажба

на услуги на клиентите. Исто така, Друштвото нема значајни концентрации на кредитен ризик со оглед на големината на базата на клиенти која е со поединечно мали износи и со неповрзаност помеѓу клиентите. Со цел да ја осигура наплатата на побарувањата, Друштвото спроведува дејства: компензации со клиентите, покренување на судски спорови, вонсудски спогодби и сл.

3.14.4. Управување со капиталниот ризик

Целите на Друштвото во врска со управувањето со капиталот се зачувување на способноста на Друштвото да продолжи да работи врз основа на претпоставката за континуитет за да се зачува оптимална капитална структура која би го намалила трошокот на капитал и би обезбедила приноси на сопствениците.

3.14.5. Проценка на објективната вредност

Друштвото има политика за обелоденување на информации за објективна вредност на оние компоненти од средствата и обврските за кои се расположиви пазарни цени и за оние кај кои објективната вредност може значително да се разликува од сметководствената вредност. Во Република Македонија не постои доволно ниво на пазарно искуство, стабилност и ликвидност за купопродажба на побарувања и други финансиски средства или обврски и одтука за истите во моментов не се расположиви пазарни цени. Како резултат на отсуство на активен пазар, објективната вредност не може да биде утврдена на веродостојна основа. Раководството на Друштвото ја проценува севкупната изложеност на ризик и во случаи кога проценува дека вредноста на средствата според која се евидентирани во сметководството не би можела да биде реализирана, се врши исправка на вредноста.
Раководството смета дека искажаните сметководствени износи се највалидни и најкорисни извештајни вредности при пазарни услови.

3.14.6. Даночен ризик

Предмет на даночна контрола може да биде книговодствената евиденција на друштвата ретроактивно до 5 години и истата може да резултира во дополнителни обврски по основ на даноци.Раководството на Друштвото нема сознанија за било какви дополнителни околности кои можат да создадат потенцијални материјални обврски во тој поглед.

4. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА НЕПОВРЗАНИ ДРУШТВА	Тековна година	Претходна година
Приходи од продажба на добра (производи) и услуги во земјата	551	1,272
Приходи од продажба на добра (стоки) во земјата	72,763	65,780
Приходи од продажба на материјали, резервни делови и отпадоци	-	5
ВКУПНО	**73,314**	**67,057**

5. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ	Тековна година	Претходна година
Вишоци	73	0
Приходи од премии, субвенции, дотации и донации	-	0
Останати приходи од работењето	379	511
ВКУПНО	**452**	**512**

6. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ	Тековна година	Претходна година
Приходи врз основа на камати од работењето со неповрзани друштва	-	157
Приходи врз основа на позитивни курсни разлики од работењето со неповрзани друштва	27	-
ВКУПНО	**27**	**157**

РАСХОДИ

7. ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ, МАТЕРИЈАЛИ, ЕНЕРГИЈА, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И СИТЕН ИНВЕНТАР	Тековна година	Претходна година
Трошоци за суровини и материјали (за производство)	1,358	961
Трошоци за енергија (за производство)	6,654	5,303
Трошоци за резервни делови, и материјали (за производство)	495	242
Трошоци за ситен инвентар, амбалажа и автогуми (за производство)	3	3
ВКУПНО	**8,510**	**6,509**

8. НАБАВНА ВРЕДНОСТ	Тековна година	Претходна година
Набавна вредност на продадени добра (стоки)	494	731
Набавна вредност на продадени материјали, резервни делови и отпадоци	-	34
ВКУПНО	**494**	**764**

9. ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ	Тековна година	Претходна година
Транспортни услуги	2,957	1,512
Надворешни услуги за изработка на добра и извршување на услуги	13,783	10,083
Услуги за одржување и заштита	1,018	528
Останати услуги	14,870	14,394
ВКУПНО	**32,628**	**26,516**

10. ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА И ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ	Тековна година	Претходна година
Плата и надоместоци на плата - бруто (за производство)	28,021	28,065
ВКУПНО	**28,021**	**28,065**

11. ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА И РЕЗЕРВИРАЊА	Тековна година	Претходна година
Трошоци за амортизација (за производство)	1,397	1,396
ВКУПНО	**1,397**	**1,396**

12. ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО	Тековна година	Претходна година
Дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци	241	201
Надоместоци на трошоци на вработените и подароци	235	100
Трошоци за репрезентација	777	581
Трошоци за осигурување	219	112
Банкарски услуги и трошоци за платен промет	598	493
Даноци кои не зависат од резултатот, членарини и други давачки	197	298
Останати трошоци на работењето	412	1,071
ВКУПНО	**2,679**	**2,856**

13. ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ (ОБЕЗВРЕДНУВАЊЕ) НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА	Тековна година	Претходна година
Вредносно усогласување (обезвреднување) на краткорочни побарувања	1	234
ВКУПНО	**1**	**234**

14. ОСТАНАТИ РАСХОДИ	Тековна година	Претходна година
Останати расходи од работењето	9	152
ВКУПНО	**9**	**152**

15. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ	Тековна година	Претходна година
Расходи врз основа на камати од работењето со неповрзани друштва	644	2,948
Расходи врз основа на негативни курсни разлики од работењето со неповрзани друштва	107	118
ВКУПНО	**751**	**3,067**

ДОЛГОРОЧНИ СРЕДСТВА

16. ДВИЖЕЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИТЕ МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

Опис	Земјиште	Градежни објекти	Опрема	Ревалоризирана вредност	Вкупно
Набавна вредност					
Салдо на 1 Јануари 2011 (тековна година)	16,574	31,829	72,814	165,896	287,113
Зголемување			3,053		3,053
Намалување			6,008		6,008
Салдо на 31 Декември 2011 (тековна година)	**16,574**	**31,829**	**69,860**	**165,896**	**284,159**
Исправка на вредноста					
Салдо на 1 Јануари 2011 (тековна година)	-	10,606	54,082	52,468	**117,155**
Амортизација		262	1,135		**1,397**
Намалување			6,008		**6,008**
Салдо на 31 Декември 2011 (тековна година)	-	**10,868**	**49,209**	**52,468**	**112,545**
Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2011 (тековна година)	**16,574**	**20,961**	**20,651**	**113,428**	**171,614**
Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2011 (тековна година)	**16,574**	**21,223**	**18,733**	**113,428**	**169,958**
Набавна вредност					
Салдо на 1 Јануари 2010 (претходна година)	16,574	31,829	72,836	165,896	287,135
Зголемување			42		42
Намалување			64		64
Салдо на 31 Декември 2010 (претходна година)	**16,574**	**31,829**	**72,814**	**165,896**	**287,113**
Исправка на вредноста					
Салдо на 1 Јануари 2010 (претходна година)		10,352	53,004	52,468	**115,823**
Амортизација		254	1,142		**1,396**
Намалување			64		**64**
Салдо на 31 Декември 2010 (претходна година)	-	**10,606**	**54,082**	**52,468**	**117,155**
Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2010 (претходна година)	**16,574**	**21,223**	**18,733**	**113,428**	**169,958**
Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2010 (претходна година)	**16,574**	**21,477**	**19,833**	**113,428**	**171,312**

Друштвото има соодветна документација за сопственост на сите средства за опремата а за градежните објекти и земјиштето поседува доказ за сопственост врз основа на Имотен лист бр. 6566 и тоа :

Зграда	кат	м2	Право	Товари	Товари
1	01	677	831	857	
1	X	205	831		
1	ПР	1601	831		Еуростандард банка АД
2	ПР	3569	831	857	Еуростандард банка АД
2	ПР	18	831		Еуростандард банка АД
3	ПР	43	831	857	Еуростандард банка АД
4	ПР	382	831		Еуростандард банка АД
ВКУПНО		**6495**			
Земјиште-парцела		**м2**	**Право**	**Товари**	**Товари**
7168/2		2552	831	857	Еуростандард банка АД
7168/3		12149	831	857	Еуростандард банка АД
7168/3/1		769	831		
7168/3/2		3474	831	857	Еуростандард банка АД
7168/3/3		67	831	857	Еуростандард банка АД
7168/3/4		464	831	857	Еуростандард банка АД
7168/3/5		24	831	857	Еуростандард банка АД
ВКУПНО		**19499**	**831**		

17. ЗАЛИХИ

ЗАЛИХИ НА СУРОВИНИ, МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И СИТЕН ИНВЕНТАР

ЗАЛИХА НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ	Тековна година	Претходна година
Суровини и материјали на залиха	1,543	1,478
Отстапување од стандардните (плански) цени на суровини и материјали	1,098	1,098
ВКУПНО	**2,641**	**2,576**

ЗАЛИХА НА РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ	Тековна година	Претходна година
Залиха на резервни делови	381	595
ВКУПНО	**381**	**595**

ЗАЛИХА НА СИТЕН ИНВЕНТАР, АМБАЛАЖА И АВТОГУМИ	Тековна година	Претходна година
Ситен инвентар во употреба	203	200
Вредносно усогласување на залихите на ситниот инвентар, амбалажата и автогумите	- 203	- 200
ВКУПНО	**-**	**-**

ВКУПНО ЗАЛИХИ НА СУРОВИНИ, МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И СИТЕН ИНВЕНТАР	**3,023**	**3,170**

ЗАЛИХИ НА ПРОИЗВОДСТВО, ГОТОВИ ПРОИЗВОДИ И СТОКИ,

ПРОИЗВОДСТВО	Тековна година	Претходна година
Производство (изградба) во тек	21,570	20,772
ВКУПНО	**21,570**	**20,772**

ГОТОВИ ПРОИЗВОДИ	Тековна година	Претходна година
Производи во туѓ склад	38	38
ВКУПНО	**38**	**38**

СТОКИ	Тековна година	Претходна година
Стоки во продавница	920	970
Вкалкулиран данок на додадена вредност	- 140	- 148
Разлика во цени на стоките	- 458	- 448
ВКУПНО	**321**	**374**

ВКУПНО ЗАЛИХИ НА ПРОИЗВОДСТВО, ГОТОВИ ПРОИЗВОДИ И СТОКИ, БИОЛОШКИ СРЕДСТВА КОИ СЕ ЧУВААТ ЗА ПРОДАЖБА И ПРЕКИНАТО РАБОТЕЊЕ	**21,929**	**21,184**
СЕ ВКУПНО ЗАЛИХИ	**24,952**	**24,354**

18. АВАНСИ ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ

АВАНСИ, ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ, СИТЕН ИНВЕНТАР, АМБАЛАЖА И АВТОГУМИ	Тековна година	Претходна година
Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции во земјата	-	27
ВКУПНО	**-**	**27**

19. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА , ЕКВИВАЛЕНТИ И ПОБАРУВАЊА

ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ	Тековна година	Претходна година
Парични средства на трансакциски сметки во денари	381	306
Парични средства во благајна	46	47
ВКУПНО	**427**	**353**

20. ПОБАРУВАЊА ОД ПОВРЗАНИ ДРУШТВА	Тековна година	Претходна година
Побарувања од поврзани друштва врз основа на продажба на добра и услуги во земјата	2,011	-
ВКУПНО	**2,011**	**-**

21. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ	Тековна година	Претходна година
Побарувања од купувачи во земјата	144	974
Побарувања од купувачи во странство	4,665	3,366
Побарувања од специфично работење на неповрзани друштва	517	1,194
ВКУПНО	**5,326**	**5,535**

22. ПОБАРУВАЊА ОД ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ	Тековна година	Претходна година
Данок на додадена вредност	868	444
ВКУПНО	**868**	**444**

23. ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА	Тековна година	Претходна година
Останати побарувања	8	-
ВКУПНО	**8**	**-**

24. ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ (АВР)	Тековна година	Претходна година
Однапред платени трошоци	107	112
ВКУПНО	**107**	**112**

25. ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ	Тековна година	Претходна година
Долгорочни обврски врз основа на заеми и кредити во земјата и странство	36,900	-
ВКУПНО	**36,900**	**-**

Кредитните задолженија се однесуваат за обврски по Договор со Еуростандард банка АД За одобрување на рамковен револвинг кредит-лимит врз основа на заложно право на недвижен имот.

26. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ	Тековна година	Претходна година
Обврски спрема добавувачи во земјата	5,247	6,979
Обврски спрема добавувачи од странство	650	752
ВКУПНО	**5,897**	**7,731**

27. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ ЗА ПРИМЕНИ АВАНСИ, ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ	Тековна година	Претходна година
Обврски за примени аванси, депозити и кауции во земјата	374	655
Обврски за примени аванси, депозити и кауции од странство	1,452	-
ВКУПНО	**1,826**	**655**

28.КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ ЗА ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ	Тековна година	Претходна година
Обврски за данок на добивка, данок на вкупен приход и данок на приход платен на странско правно лице (задржан данок)	21	-
Обврски за даноци и придонеси на плата и надоместоци на плата	802	804
Обврски за данок на непризнати расходи и помалку искажани приходи	-	29
ВКУПНО	**823**	**833**

29. ОБВРСКИ СПРЕМА ВРАБОТЕНИТЕ	Тековна година	Претходна година
Обврски за плата и надоместоци на плата	1,657	1,549
Останати обврски спрема вработените	-	30
ВКУПНО	**1,657**	**1,579**

30. КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ	Тековна година	Претходна година
Краткорочни кредити и заеми во земјата	2,502	34,318
Обврски врз основа на останати краткорочни финансиски средства	30	-
ВКУПНО	**2,532**	**34,318**

Обврските кон ТТК Банка АД Скопје на ден 31.12.2010 година изнесуваат 2.502 илјади денари.

31. Поврзани субјекти:

во 000 денари

Назив	Вид на поврзаност (друштво во сопственост на директорот, мнозинска сопственост на акционерите, раководството, вработените , итн)	Вид на деловниот однос (купувач, добавувач, кредитор и сл.)	Износ во денари (промет како купувач, добавувач, кредитор и сл.)
Едистил Струмица	100% влогот е сопственост на АД Единство	добавувач	417
ЕДИСТИЛ Струмица	100% влогот е сопственост на АД Единство	аванс	102
Едитекс	100% влогот е сопственост на АД Единство	добавувач	1.395
Едитекс Струмица	100% влогот е сопственост на АД Единство	аванс	271